# ПЕНЗИОНЕР плус

Гласник на СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**

» за сегашни и идни пензионери

Излегува еднаш месечно
Редакција тел. 02 3213 227
e-mail: kontakt@szpm.org.mk
**www.szpm.org.mk**

Година 1 | број 1    25 јули 2008 година


ZEGIN

Кон првиот број

## Крупен исчекор во информирањето



Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија обединува околу 225.000 членови од вкупно 274.000 во земјата. Таква бројна асоцијација има потреба од свој систем на информирање кој би требало да ги задоволи основните цели и задачи што се поставуваат во оваа област. За што всушност се работи?

Во Сојузот подолго време се бара ефикасен начин на информирање. Досега беа користени различни облици.Во последните три и пол години со успех се издаваше прилог во дневниот весник „Нова Македонија“ наречен „Пензионерски видици“. Излегуваше еднаш месечно на четири страници, а се печатеше во релативно мал број. Здруженијата на пензионери го добиваа на основа претплата од 10 денари број и го делеа на своето членство. Квалитетот беше на висина, корисниците задоволни, но малкумина. Прилогот значеше голем чекор напред во областа на информирањето. Но сепак не ги задоволуваше ниту замислите на СЗПМ, ниту потребите на членството.

Паралелно на МТВ одеше емисијата „Трето доба“ која од членството се цени високо и, заедно со „Видици“, го комплетираше системот на информирање на републичко ниво. Оваа емисија е со неспорен квалитет но може да биде и уште подобра, приемчива е, лесна за гледање, но треба и може да се направи уште посодржајна и да добие попогоден термин за да биде уште повеќе гледана и слушана.

Пензионерите од сега па натаму ќе имаат свој **весник!!!** Кажавме збор кој има голема значење. Да се има свој весник, независен, самостоен, е крупно достигање. Еве, ние пензионерите стекнавме свој весник. Му дадовме име „Пензионер плус“. Ќе излегува еднаш месечно, но за разлика од „Видици“ ќе има четири пати поголем простор, односно 16 страници. Тоа е првата голема разлика во однос на „Видици“. Втората е многу поголем тираж од 7.000 примероци, што значи дека може да го добијат повеќе пензионери доколку би се делел само на нив, се разбира бесплатно. Наша намера е весникот да се дели и на други граѓани, пак бесплатно на продажните места на дневен и друг печат. Ова е, значи, трета голема новина и разлика. Четвртата би била многу поголем број на информации од „терен“, односно од здруженијата преку побројна дописничка мрежа. А тоа значи нов квалитет, а не само квантитет, многу повеќе написи од нашето секојдневие, за активностите и збиднувањата во огранокот, здружението, во клубот, во секцијата и што уште не. А преку написите и фотографиите себе ќе се најдат, препознаат, видат мнозина, ќе се верификува нивниот придонес за подигање на квалитетот на активностите во нивната средина; нова подобра содржина во животот на пензионерите. Со информациите ќе се влијае позитивно на околината, ќе се предизвикуваат нови стремежи и кај себе и кај други.

Материјалната база ќе биде обезбедена. Од здруженијата се очекуваат само 0,10 денари по член месечно, а крупните давачки околу печатењето, хартијата и дистрибуцијата ќе ги обезбедиме од други извори.

Весникот „Пензионер плус“ кој ќе го користат и граѓаните непензионери очекуваме да биде добра и корисна врска помеѓу нив и нас. Така граѓаните ќе имаат, поголем, побогат и подобар увид и познавање на прашањата, интересите и квалитетот на живеење на пензионерите, а веруваме, со тоа и поголемо разбирање со нив.

Деновиве е отворена и нашата WEB страница, а со тоа и можност за користење на интернет. Јасно е дека се прави крупен исчекор во областа на информирањето на нашето членство и во комуникацијата помеѓу здруженијата, здруженијата и Сојузот, со други асоцијации и организации и сите заинтересирани за нас. Воедно тоа е можност и ние од своја страна да се ползуваме со предностите што современите средства ни ги овозможуваат. Тоа е можност на наше влијание по различни прашања, проблеми и интереси важни за нас.

Да се надеваме дека новиот настап во овие области ќе значи нов квалитет во нашиот организиран ангажман и во животот во целина.

**Чедо Георгиевски**

Средба со повод со Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ

## Информирање од непосреден интерес на пензионерите



**За прв пат во 62-годишната историја на пензионерската асоцијација започнува да излегува самостојно јавно гласило на СЗПМ „Пензионер плус“. Ве молиме најпрвин за нашите читатели да ја претставите организацијата на СЗПМ и какви се вашите размислувања за целите и задачите на гласилото?**

- Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) како невладина, непрофитна и непартиска организација е асоцијација на 48 здруженија на пензионери како самостојни правни субјекти во кои членуваат околу 225 000 пензионери корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија. Здруженијата доброволно се здружени во Сојузот заради заштита и унапредување на правата од пензиското, инвалидското и здравственото осигурување.

Највисок орган кој управува со Сојузот е Собранието, кое го сочинуваат делегати избрани од органот на здруженијата – Собранието, од редот на членовите на Здружението, со мандат од 4 години.

Собранието на СЗПМ од редот на неговите членови избира Извршен одбор од 20 члена. За контрола на материјално-финансиското работење на Сојузот, Собранието избира Надзорен одбор од 5 члена од редот на членовите на здруженијата на пензионерите - членки на сојузот.

Собранието на Сојузот усвојува Статут и Програма за работа на своите органи, Финансиски план и завршна сметка за секоја тековна година. Усвојува и Годишен извештај за работата на Извршниот одбор.

Собранието на Сојузот на предлог на Извршниот одбор утврдува иницијативи и предлози до Владата и до Собранието на Републиката за унапредување и заштита на правата од пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита на корисниците на пензија. Поднесува иницијативи и до Уставниот суд за оценка на уставноста и законитоста на законите и други прописи со кои се повредуваат уставните права на корисниците на пензија.

Најголемиот број пензионери и корисници на пензија, членови на здруженијата на пензионерите здружени во СЗПМ ѝ припаѓаат на популацијата од третата животна доба кои имаат специфични потреби за живот. Многумина поради старост, изнемоштеност и болест имаат потреба од посебен режим на живеење. Голем број се сами, имаат потреба од помош од друго лице. Еден број се без семејства. Се здружуваат во здруженија за да можат полесно да ги задоволат неопходните услови за живеење – здравствено згрижување, сместување во посебни установи за стари лица. Се здружуваат и за збогатување на квалитетот на живеење: дружење, движење, рекреација и забава. Овие потреби ги задоволуваат преку нивните здруженија и преку Сојузот.

На корисниците на пензија излегувањето на пензионерскиот весник „Пензионер плус“ иако и во последниве три и пол години имаа „свој“ весник – „Пензионерски видици“ многу повеќе ќе им значи зашто ќе содржи повеќе страници и повеќе информации за прашања од нивен непосреден интерес, но и дел што има забавен карактер со содржина што ќе им биде поблиска до нивните потреби. Весникот ќе придонесува и за информирање на пошироката јавност со состојбите на оваа популациона група граѓани и за нивните потреби, како и за анимирање на надлежните органи на Државата за потребите на оваа популација, за зголемување на чувството на солидарност на помладата популација кон овие белоглави нивни родители, дедовци и баби. Весникот ќе придонесува за запознавање на помладите со придонесот на оваа популација не само за создавање на Македонската држава со учествување во Народноослободителната војна, туку и во обновувањето на разорувањата од војната и изградбата на материјалната основа на земјата.

**Претходно како прилог во „Нова Македонија“ еднаш месечно три и пол години редовно се објавуваа „Пензионерски видици“. Излегоа вкупно 40 броја на прилогот. Какви се оценките?**

- Оценките не само мои, туку и на сите до кои допирале „видиците“ се позитивни. Голем број пензионери со нетрпение ги очекуваа за да прочитаат за нивните резултати постигнати на пензионерските спортски натпревари, да се видат на фотографиите како учесници на ревиите на песна, игра и музика. „Видиците“ ги информираа и за одлуките на органите на Државата со кои се зголемувале или намалувале стекнатите права од пензиското и инвалидското осигурување. Од него дознаваа за иницијативите доставени до надлежните органи од страна на органите на Сојузот. Со еден збор, мошне позитивни се моите оценки.

►► 2


ОД СЕГА!
АМСМ 20% попуст на цена за технички преглед за возила на пензионери



ZEGIN
МАКЕДОНСКИ ФАРМАЦЕВСКИ БИСЕР
Стратешко партнерство помеѓу Сојузот на здружение на пензионери на Македонија и Зегин ДООЕЛ Скопје за овозможување на бенефити при купување лекови, а во соработка со NLB Тутунска банка.


ZEGIN

### ВО ОВОЈ БРОЈ...

СОРАБОТКА



**ЗЕЛС ПОТПИША МЕМОРАНДУМ СО СОЈУЗОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ**

стр. 5 ►►

ВИДУВАЊА



**WEB СТРАНИЦА НА СЗПМ**

стр. 10 ►►

РЕВИИ




Во организација на СЗПМ годинава се одржуваат по 6-ти пат Ревии на песни, музика и игра и тоа во пет региони. Домаќини на регионалните средби во јуни беа Здруженијата на пензионерите во Радовиш и Кичево, а во јули Гевгелија, додека во септември ќе бидат Кочани и Скопје.

Во овој број на „Пензионер плус“ фоторепортерски приказ на Ревиите во Радовиш и Кичево.

стр. 12-13 ►►

СПОРТ



**РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ ИГРИ**

стр. 15 ►►

## Средба со повод со Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ

(продолжение од стр. 1)





Извршен одбор на СЗПМ



Републичка спортска манифестација кај Велес

Вакви се и поради фактот што „Видиците“ придонесоа за афирмацијата на настојувањата на органите на Сојузот за подобрување на материјалната положба на корисниците на пензија во Македонија.

**Деновиве е најавено и отворање ВЕБ страница на СЗПМ?**

- Да така е. Се прават последните подготовки за да ја извршиме промоција на „Веб“ страницата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На Сојуз каков што е нашиот оваа форма на презентирање и комуникација со големиот број членки – 48 здруженија на пензионерите, им е неопходна оваа страница. Впрочем, Сојузот, мислам во целина, со сите негови членки, главно технички е подготвен. Само неколку помалубројни здруженија немаат компјутери. Благодарение на Европската агенција за реконструкција преку Данскиот совет за бегалци, Сојузот доби донација од 25 компјутерски сета. Голем број здруженија се вмрежени на „Интернет“. Значи, создадени се материјални и технички претпоставки, ова чудо на техниката да се најде и меѓу најстарата популација граѓани. Порано старите ги подучуваа младите во новитетите, сега, внуците ќе ги подучуваат своите дедовци и баби во ракувањето со модерни средства на техниката. Очекувам нашата Веб страница да биде често посетувана и од новинарите, но и од надлежните органи на Државата, а и од нашите почитувачи: ЗЕЛС и нејзините членки – општините, со кого неодамна потпишавме „Меморандум“ за соработка, Фармацевтскиот гигант „ЗЕГИН“ со кого исто така имаме потпишано „Меморандум“ за разбирање, граѓанската асоцијација „Проект развој Македонија“ и сите кои се заинтересирани не само за да разберат за материјалната положба на ветераните на трудот, туку и за нивните катадневни активности, да видат и прочитаат за резултатите на спортско поле, за културно-забавните активности, излети, екскурзии во земјата и во странство. Преку оваа страница ќе разберат заинтересираните на кои сè меѓународни и домашни фестивали и манифестации учествувале старците. Ќе разберат дека дедо Мите од село Драмче – делчевско иако навлезе во десеттата деценија од животот сè уште го води орото.

Од овие причини не само јас, туку голем број пензионери, со нетрпение го очекуваат мигот кога ќе можат нивната асоцијација на пензионерите да ја најдат на страницата на „Интернет“.

### СОЛИДАРНОСТ

**Со усвојувањето на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување од нова година исплатата на погребнината од Солидарниот фонд на пензионерите ја врши Фондот на ПИОМ преку своите подрачни единици. Како се остварува соработката со Фондот во извршувањето на оваа законска одредба?**

- Иако одредбата од членот 130-б на Законот за пензиското и инвалидско осигурување не е прецизна, таа сепак се применува. Според цитираната одредба висината на задршката од пензијата за солидарниот фонд и висината на исплатата на отпремнината на членовите на семејството за починат корисник на пензија, ја утврдува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во „соработка со Сојузот на пензионерите на Република Македонија“. Не е прецизен терминот „соработка“. Впрочем во Иницијативата доставена до Уставниот суд од педесетина здруженија и поединци е побарана заштита на уставноста. Со оглед на тоа што Уставниот суд не донесе решение за времена мерка, каква се бараше со иницијативите за поведување постапка да не се применуваат деловите на измените на Законот до конечната одлука на Судот, Извршниот одбор на СЗПМ за да не се одолговлекува решението и да не имаат последици семејствата на починатите корисници на пензија го соопшти своето мислење на Фондот на ПИОМ за висината на задршката и исплатата што Фондот го прифати.

Соработка се остварува со стручната служба на Фондот на ПИОМ и во поглед на редовно информирање на СЗПМ за бројот на корисниците на пензија по општини, за да може Сојузот редовно да им ги доставува средствата наменети за членарина на здруженијата за нивните членови. Недостасува информација од Фондот на ПИОМ за вкупниот износ на средствата задржани при исплатата на пензиите и вкупно исплатените средства наменети за закопнина и делот наменет за членарина.

**Уставниот суд на Македонија ја почна постапката за оценување на овие измени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Имате ли согледувања за тоа како се одвива оваа постапка и кога може да се очекува одлуката на Судот?**

- Уставниот суд на 26 март 2008 година донесе Решение за поведување постапка за оцена на уставноста на спорните одредби на Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Кога Уставниот суд ќе ја донесе дефинитивната Одлука, не може да се прогнозира и поради вонредните избори за пратеници, а и поради периодот на годишните одмори на Судот.

### ГРИЖА

**Во СЗПМ покрената е и иницијатива за воведување на „Државна социјална пензија“. Накратко во што е суштината на оваа иницијатива?**

- Официјален предлог за донесување на ваков закон сè уште не е доставен до Собранието, односно до пратениците. Иницијативата ќе биде доставена по конечното завршување на изборниот процес. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија смета дека со закон треба да се утврди право на социјална пензија за постари од 65 години кои немаат други извори на приходи. Вакво решение е во примена во голем број земји. Основ за вакво решение наоѓаме во членот 1 на Уставот на Република Македонија. Постарите граѓани кои немаат други извори на приходи, како носители на правото на социјална пензија ќе бидат здравствено осигурени. Впрочем, според Законот за социјална заштита на оваа категорија граѓани им се доделува постојана социјална помош, но ова право нема траен карактер. Корисниците на социјална пензија, наместо социјална помош, ќе имаат статус на пензионери. По тој основ ќе можат да членуваат во пензионерските здруженија, а со тоа ќе членуваат во солидарниот фонд и во случај на смрт, нивните семејства ќе добијат отпремнина за закоп. Тие, исто така, ќе можат да користат правото на сместување во пензионерски домови, да ги користат пензионерските одморалишта и клубовите за дневен престој на пензионерите. Со други зборови, ќе бидат поквалитетно згрижени. Во органите на СЗПМ има иницијатива и за доставување официјален предлог до пратениците и до Владата, со измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување да се утврди право на пензија и на пензиските осигуреници кои од различни причини не успеале да наполнат 15 години пензиски стаж за да можат да се стекнат со право на пензија. Осигурениците се солидарни, по исклучок, според Законот за пензиско и инвалидско осигурување, само да им се обезбеди најнизок износ на пензија на еден број корисници на пензија, кои според должината на пензискиот стаж и висината на придонесот за пензиско осигурување би имале понизок износ на пензија од 4.839 денари по 1 јануари 2008 година.

**Се чувствува потребата и од операционализација на „Стратегијата за соработка на Владата на РМ со граѓанскиот сектор“?**

- Во право сте. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како најброен репрезент на граѓанскиот сектор силно ја чувствува потребата од операционализација на „Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор“ усвоена на крајот од 2006 година, а за период 2007–2011 година. Стратегијата тргнува од следниве принципи: Во соработката на Владата со граѓанскиот сектор ќе ги почитува принципите на **заемна доверба, партнерство, учество и консултации, транспарентност и независност и одговорност.** Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како дел од граѓанскиот сектор во Република Македонија очекува Владата да подготви план за следење на спроведувањето на Стратегијата. Успешна соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор **претпоставува партнерски однос.** Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија очекува партнерски однос во решавањето на мошне широк број на потреби на членовите на здруженијата на пензионерите – членки на СЗПМ и доследна реализација на програмските определби на ВМРО-ДПМНЕ 2008-2012 година потенцирани на 121 и 122 страница во Програмата. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е подготвен да партиципира во согледувањата, проектите и утврдување на инструментите за нивна реализација. На раководството на СЗПМ нема да му биде тешко да ја потсетува Владата на обврските од Програмата „ПРЕРОДБА ВО 100 ЧЕКОРИ“.

### СОРАБОТКА

**За поттикнување на соработката со локалната самоуправа беше потпишан меморандум со ЗЕЛС. На кои пунктови се очекува побрзо заживување на оваа соработка?**

- На општо задоволство на органите на СЗПМ и пензионерите во целина, ја имав привилегијата да го потпишам „Меморандумот за соработка“ со тогашниот претседател на Управниот одбор на ЗЕЛС д-р Андреј Петров. Во еден број општини веќе се чувствува духот на „меморандумот“. ЗЕЛС се обврза да влијае врз неговите членки – општините, поточно на градоначалниците и претседателите на советите за потпишување на „Спогодба за соработка“ со претседателот на здружението на пензионерите во општината - членка на СЗПМ, со која ќе им се овозможи на претставниците на здруженијата на пензионерите да учествуваат во работата на Советот на општината, во неговите работни тела, поддршка во обезбедување на деловни простории и клубови за дневен престој на пензионерите, изградба или адаптирање на соодветни градежни објекти за старски домови, евидентирање на пензионери со нарушено здравје, стари и сами, со програма на мерки кои произлегуваат од Законот за социјална заштита и други активности кои произлегуваат од „Меморандумот за соработка“. Очекувам да се создадат партнерски односи во решавање на потребите на старите лица, односно пензионерите во целина, помеѓу градоначалниците и здруженијата на пензионерите кои делуваат на подрачјето на општината.

**Потпишан е меморандум за разбирање и соработка помеѓу СЗПМ и Зегин. Какви ефекти се очекуваат?**

„Меморандумот за разбирање“ потпишан со „ЗЕГИН“?, на мое задоволство по иницијатива на г-дин Механџиски, очекувам во најскоро време да почне да се остварува. Со него се предвидува пензионерите членови на здруженијата на пензионерите - членки на СЗПМ по нивно барање да добијат ребрендирана картичка од „ЗЕГИН“ да купуваат лекови кои не се на позитивната листа, средства за хигиена и други производи кои се во промет кај потписникот на Меморандумот, и тоа на почек во висина од една месечна пензија за една година. Со Меморандумот се предвидуваат и други погодности.

**На кои други актуелни прашања е фокусирана активноста на СЗПМ?**

- Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во наредниот период ќе ги актуелизира од порано доставените барања до Владата како што се: создавање законска основа за избор на членови во Управниот одбор на Фондот на ПИОМ од редот на корисниците на пензија; враќање на укинатото право за ослободување од партиципација за лекови и за лекување во болничките, односно клиничките установи, враќање на правото на К-15 и друго.

Разговорот го водеа:
**Драги Аргировски и Димче Апостолски**

Од Фондот на ПИОМ

# Домовите за живеење на корисниците на пензија и заштита на стандардот и помош на пензионерите

**Во изминатите децении континуирано се вложувани средства за одржување на изградените објекти наменети за живеење и објектите за одмор и рекреација на корисниците на пензија, изградени во периодот 1966-1988 година со општествени средства.**

**Утврдени и цените за престој во домовите за рекреација.**



Грижата што перманентно ја води Фондот на ПИОМ за заштита на стандардот на пензионерите во нашата Република се огледа во две насоки: постојано вложување во пензионерските домови за подобрување на условите за живеење и напори законската регулатива до крај да се спроведе.

Така, од вкупно 39 пензионерски домови низ Републиката, Фондот на ПИОМ стопанисува со 13, и тоа во: Кисела Вода, Гази Баба, Ѓорче Петров, Прилеп, Гевгелија (со 1 од 3), Виница, Пробиштип, Делчево, Кочани, Крива Паланка, Свети Николе и Гостивар (стар и нов објект). Во 331 стан сместени се околу 270 самци и 62 брачни парови – но, бројката и односот варираат.

Каква е сега состојбата со овие објекти и сместувањето на пензионерите во нив?

Според измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, донесен во март 1995 година, Фондот на ПИОМ е задолжен да управува со домовите и клубовите наменети за потребите на корисниците на пензија. Меѓутоа, Фондот ги презеде ингеренциите само во делот што нему му припаднаа за да не предизвикаат непотребни недоразбирања на оваа релација.

Средствата остварени од наплатата за издадениот станбен и деловен простор, строго наменски се користат за тековно и инвестиционо одржување на објектите наменети за корисниците на пензија, согласно Програмата за тековно и инвестиционо одржување и одлуките кои ги носи Управниот одбор на Фондот, врз основа на годишниот буџет.

Што се однесува за инвестициите во домовите за живеење на корисниците на пензија, можеме да кажеме дека се извршени поголеми зафати во Домот за живеење на пензионери во Аеродром, бидејќи тој е со постар датум на градење и имаше потреба од вложувања.

Исто така, имаше поголема инвестиција и во Домот за живеење на пензионери во Автокоманда, како и некои помали инвестициони зафати низ Републиката, со што целосно беше реализирана Програмата за тековно и инвестиционо одржување за минатата година.

Во 2008 година, Фондот на ПИОМ планира да продолжи со инвестициските активности, сé со цел подобрување на условите за работа во подрачните единици на Фондот, како и подобрување на условите за престој на корисниците на пензија во домовите за живеење, за чија намена во буџетот се издвоени 14 милиони денари.

Нашата Информација за домовите за живеење на корисниците на пензија беше доставена до Владата на Република Македонија, при што е разгледана и донесен е заклучок во врска со истата. Имено, средствата од 14 милиони денари предвидени со Програмата за тековно и инвестиционо одржување треба да се вдвојат. Со оваа иницијатива Фондот на ПИОМ и Владата сакаат да обезбедат што повеќе средства за стопанисување со домовите за живеење, вели *Боро Варошлија*, помошник директор во Фондот на ПИОМ.

До Фондот на ПИОМ често стигнуваат поплаки и барања од корисниците на станбен простор во домовите со кои не стопанисува Фондот (Чаир, Гевгелија, Струмица, Прилеп и други домови низ Републикава). Поплаките се однесуваат на лошите услови за живеење, односно на одржувањето на домовите. Имено, здруженијата на пензионери кои стопанисуваат со најголем број од домовите и клубовите низ Републиката, дел од закупнината ја наплаќаат во готово, а остварените средства ги трошат за свои потреби, без да се инвестира во нивното тековно одржување, беше речено на една од седниците на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ.

Спроведувајќи ги законските одредби изразени во член 179-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот на ПИОМ е единствената институција која може во име на државата да управува со домовите за живеење на корисниците на пензија, да се грижи за нивното тековно и инвестиционо одржување и на тој начин да ја остварува својата функција за заштита на социјалниот и општествен стандард на корисниците на пензија.

Исто така, а со цел заштита на стандардот на пензионерите Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, на седницата одржана на 15 мај донесе Одлука со која се уредува начинот и условите во врска со организираниот престој на корисниците на пензија во домовите за одмор и рекреација во Банско, Претор и Катлановска Бања во 2008 година. Според одлуката право на користење, покрај сите корисници на пензија (семејни, инвалидски, старосни и воени) кои со тоа право се здобиле во Република Македонија, ќе имаат и нивните брачни другари-другарки, но под услов да не се во работен однос.

Во двата домови за рекреација: „Борец“ во Битола и „Спиро Захов“ во Банско, за предложената пансионска цена во 2008 година, имаат подготвено калкулации со мени за смена во траење од 10 дена.

Според подготвените и прифатени калкулации, трговските друштва „Борец“ во Битола и „Спиро Захов“ во Банско предлагаат пансионските цени за престој на корисниците на пензија во домовите за одмор и рекреација на корисниците на пензија, во 2008 година да изнесуваат: за домот „Перо Стојановски“ во Катлановска Бања и „Претор“ во Претор 600 ден., а за домот „Спиро Захов“ во Банско оваа цена е 700 денари.

Со тоа и на дело се остварува политиката на Фондот на ПИОМ дека вложувањата во пензионерските домови се секогаш оправдани и дека и во иднина ќе се продолжи со таа политика.

**М-р. Снежана Кутузовска**

Од МАПАС

# Со доброволно штедење - можност повеќе до пензија

■ **Трет доброволен пензиски столб за сите од 18 до 70 години**



Во нашава држава при крај се подготовките за примена и функција на третиот пензиски доброволен фонд. Повод да ја посетиме агенцијата за супервизија на капитално финансиско пензиско осигурување - МАПАС и да поразговараме со директорката Зорица Апостолоска.

На прашањето кои се бенефитите од имплементацијата на овој столб Г-ѓа Апостолоска ни одговори: - „Третиот столб е добра шанса за сите што не се никаде осигурани, не се во редовен работен однос, а имаат заработувачка од друг извор и можат сами да си плаќааат осигурување. Оние што сакаат да имаат повисока пензија можат да уплатат во овој фонд“.

За третиот столб - вели директорката на МАПАС, не треба да постојат никакви ограничувања ниту колку пари ќе се вложуваaат, ниту кога, ниту од кого ни за кого. Кој сака колку сака, кога сака. Сето тоа е на доброволна основа. Потенцијалниот осигуреник ќе треба да знае колкави ќе бидат трошоците, колкав е тој минимум на користење на вложените средства, и под кој праг не може да се оди.

Законски, друштвата никого не смеат да одбијат доколку некој сака да биде член. При тоа, тие се должни да му објаснат сè што е потребно. Треба да се потенцира дека тоа е за пензиско, а не банкарско штедење.

Значи, покрај другите карактеристики што ги одбележува овој систем, една од нив е транспарентноста т.е. отвореноста. Имено, на секои шест месеци лицето (осигуреникот) ќе добие извештај од самите друштва за тоа колкави му се средствата по месеци, колку му е уплатено, со колку трошоци е работено. Еднаш годишно пак, ќе добива информација за тоа колку и каде вложувало друштвото и дали и колку му се зголемило контото.

Во МАПАС се подготвуваат деловните процеси за да се оспособи контролата. Кадровски се екипирани.

- Супервизијата мора да се одвива, за луѓето да се чувствуваат сигурни - велат во МАПАС. Во овој трет доброволен столб може да биде член секој граѓанин на Р. Македонија на возраст од 18 до 70 години. За сите понатамошни информации околу имплементацијата на овој вид штедење ќе Ве информираме во нашиот весник. Инаку, да кажеме дека агенцијата МАПАС е формирана пред пет години од страна на Владата на Република Македонија. Таа врши супервизија на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови, како и на чуварите на имот како и на странските менаџери на средства.

За успешното петгодишно работење агенцијата МАПАС доби награда што ја доделува Фондацијата „Институт - Отвоено Општество“, во рамките на проектот „Проценка на потенцијалот за добро управување во Македонија“. Наградата за која со гордост говорат во агенцијата. Значи МАПАС е на прво место во категоријата - други органи на државата управа, организации на централно ниво. Честитки и од нас и желби да ги остварат проектираните задачи.

**Костадинка Кајмакоска**

ПЕНЗИОНЕР плус

Весник за сегашните и идните пензионери

Издавач:
СЗПМ

Година I – број 1 – јули 2008 год.

БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК

Издавачки совет:
**Душко Шурбановски** (претседател)
Андон Марковски
Ѓоко Серафимов
Нурие Кадриу
Ѓоко Трпчески
Чедо Георгиевски и
Драги Аргировски

Редакциски одбор:
**Чедо Георгиевски**
Главен и одговорен уредник;
**Драги Аргировски**
заменик главен и одговорен уредник;

Членови:
Димче Апостолски,
Иванчо Кузмановски,
Калина Сливовска Андонова,
Костадинка Кајмаковска,
Цветанка Илиева,
Хисен Шакири

Адреса:
СЗПМ „12 ударна бригада“
бр. 2. зграда на ССМ - Скопје
Телефон: 02 3223 710
тел-факс: 02 3128 390
Web: www.szpm.org.mk
E-mail: kontakt@szpm.org.mk

Проект Развој Македонија

Пензионер плус
Тел. 02 321 3227
E-mail: prm@szpm.org.mk

Дизајн и компјутерска обработка:
www.koma.com.mk

Печати:
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# АМСМ

АМС МАКЕДОНИЈА

## ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОПУСТОТ:

Секој пензионер кој поседува сопствено патничко возило може да изврши технички преглед со попуст од 20% од цената. Ова право се остварува со приложување на оваа Потврда и Ваш чек од пензија. Оваа Потврда се заверува во експозитури на Вардар осигурување, АД Скопје и осигурително брокерско друштво Мобилити брокер. Единствено тогаш оваа Потврда има важност. При издавањето на Полисата потребно е да се идентификувате со чек од пензија и лична карта (или пасош).

Со оваа Потврда, како и вашиот чек од пензија и лична карта (или пасош), кои ги покажувате на овластен работник во АМСМ го остварувате правото на попуст. Попустот важи во сите Станици за технички преглед на АМСМ на територија на Република Македонија.

**ПОТВРДАТА СЕ ПОДИГНУВА ВО ВАШЕТО ЛОКАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ.**

---

СЗПМ
Сојуз на Здруженија на пензионери на Македонија

## ПОТВРДА

ЗА ПРАВО НА ПОПУСТ НА ЦЕНА НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД
ЗА ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА НА ПЕНЗИОНЕРИ

Врз основа на **Договорот за деловна соработка** со Деловна ознака **бр.11-0803** од 01.04.2008 година, пензионерот - доносител на оваа Потврда остварува попуст од **20% од цената за технички преглед**, како и **20% попуст за АМСМ членство**.
Правото на попуст се остварува во сите станици за технички преглед кои припаѓаат на АМСМ.

Име и презиме ______________________

Град ______________________

Датум ______________________

**Висина на премијата** ____________ , ____
за издадената
Полиса за автоодговорност

**Број** ______________________
на издадената
Полиса за автоодговорност

**Заверка од надлежното**
**Здружение на пензионери**
Потврдата ја издал - одговорно лице во
Здружението на пензионери од град

______________________ м.п.

**Заверка од овластениот референт**
**за продажба на Полиса за автоодговорност**
Овластено Друштво за осигурување - Вардар осигурување, АД.Скопје
Осигурително брокерско друштво - Мобилити брокер, Скопје

Овластен работник - референт за продажба

______________________ м.п.

НАПОМЕНА:
Потврдата има важност доколку Полисата за автоодговорност е заверена од страна на Вардар осигурување или Брокерско друштво Мобилити брокер.

**ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОПУСТОТ:**

Секој пензионер кој поседува сопствено патничко возило може да изврши технички преглед со попуст од 20% од цената. Ова право се остварува со приложување на оваа Потврда и Ваш чек од пензија. Оваа Потврда се заверува во експозитури на Вардар осигурување, АД Скопје и осигурително брокерско друштво Мобилити брокер. При купувањето на Полиса за автоодговорност во Мобилити брокер, потребно е Полисата да биде од Вардар или Еуролинк Осигурување. Единствено тогаш оваа Потврда има важност. При издавањето на Полисата потребно е да се идентификувате со чек од пензија и лична карта (или пасош).

Со оваа Потврда, како и вашиот чек од пензија и лична карта (или пасош), кои ги покажувате на овластен работник во АМСМ го остварувате правото на попуст. Попустот важи во сите Станици за технички преглед на АМСМ на територија на Република Македонија.

Потврдата се подигнува во Вашето локално Здружение на пензионери.

**Заверка од овластен работник на АМСМ**

Авто Мото Сојуз на Македонија
Овластен работник

______________________ м.п.

АМС МАКЕДОНИЈА

1



finance central europe

THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2004
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2005
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2006
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2007

ВАРДАР ОСИГУРУВАЊЕ

Член на Групацијата triglav

ПОЧИТУВАНИ,

ОД 1 МАРТ 2008, ВАРДАР ОСИГУРУВАЊЕ СКЛУЧИ ДОГОВОР СО СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ И СО ТОА ОВОЗМОЖИ ОЛЕСНУВАЊА ВО ОДНОС НА ПЛАЌАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТООДГОВОРНОСТ ЗА ВАС И ВАШЕТО МОТОРНО ВОЗИЛО.

ПРИ КУПУВАЊЕ НА ПОЛИСА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА НЕКОИ ОД ШАЛТЕРИТЕ НА **ВАРДАР ОСИГУРУВАЊЕ**, ДОБИВАТЕ ПОТВРДА ЗА 20% ПОПУСТ НА ЦЕНАТА НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ВО СИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА НА **АМСМ.**

**СО ПОЧИТ,**
**ВАРДАР ОСИГУРУВАЊЕ**

ОВА ГО МОЖАТ САМО НАЈДОБРИТЕ!

КАСКО ОСИГУРУВАЊЕ
ЗА БУГАРИЈА
БЕЗ ДОПЛАТОК!!!
+
ГРАТИС
ОСИГУРУВАЊЕ НА БАГАЖ

# ЗЕЛС потпиша Меморандум со Сојузот на пензионерите






На деветти мај, во просториите на ЗЕЛС, тогашниот претседател на ЗЕЛС, Андреј Петров и претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Душко Шурбановски, потпишаа Меморандум за соработка. Целта на овој Меморандум е да се создадат услови за соработка меѓу овие две здруженија. Според Меморандумот и двете страни се заложија за взаемно помагање, а ЗЕЛС се заложи да достави препораки до сите општини да склучат поединечни Спогодби за соработка со здружението на пензионери на соодветната општина - членка на Сојузот во рамките на која ќе вршат планирање на взаемните активности, како и изготвување програма за изградба на старечки домови, клубови за престој на пензионерите и обезбедување на работни простории и канцеларии за потребите на ограноците на здружението. ЗЕЛС ќе се залага општините да остварат тесна соработка со Сојузот на пензионерите и взаемно да ги координираат активностите во насока на обезбедување на евиденција на пензиските осигуреници кои имаат потреба од помош во набавката на лекарства, медицинска помош како и обезбедување на нивна директна помош во зависност од средствата со кои располага соодветната општина, како и да иницира препораки со општините за решавање на прашањата од таков но функционирање. Исто така ЗЕЛС ќе се залага за поддршка на формите на информирање на членови на здруженијата на пензионерите за активностите преку взаемно утврдување на формата на дистрибуција на весници и други изданија.

## Соработка на дело

# Клуб на пензионери и во Зелениково



Убав ден. Со раководството на Здружението на пензионерите „Кисела Вода“ со градскиот автобус патуваме по течението на реката Вардар кон Зелениково, таа убава зелена долина во Таорската клисура и Кадина река, а во подножјето на планината Китка. Во овие прекрасни природни убавини живеат околу 4 илјади жители на општината Зелениково, од кои неколку стотини се старосни и семејни пензионери, кои преку огранокот во Драчево се членови на најбројното пензионерско здружение во нашата земја „Кисела Вода“. И не само тоа. Зелените падини на Китка претставуваат и туристичка дестинација на повеќе пензионери од Скопје.

Сето тоа беше и повод пензионерската организација во соработка со локалната самоуправа да пристапи кон уредување на Клуб за дневен престој на пензионерите, што свечено беше отворен на 22 април годинава.

Како цело Зелениково да живееше со овој настан. Најпрвин со пригодна програма посветена на бабите и дедовците впечатливо се преставија учениците на основното училиште „Марко Цепенков“, а потоа клубот свечено го отворија **Димче Богатиноски**, претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите „Кисела Вода“ и **Борче Гиевски**, градоначалник на општина Зелениково, а свое обраќање имаше и **Симеон Јаневски**, претседател на огранокот на Драчево.



Богатиновски посебно ја нагласи грижата на здружението за создавање услови за работа на ограноците, за што ја пофали соработката со локалната самоуправа од Зелениково, на чело со градоначалникот.

Клубот значително треба да придонесе за подобро дружење и информирање на членството и за надминување на монотонијата во третото доба. И не случајно истакнатиот пензионерски активист Миливој Димковски е радосен што долгогодишната желба им е остварена, а убавата атмосфера што ја создаде Пеце гајдаџијата од Таор придонесе да се заигра и македонското оро.

**Д. Аргировски**
**Инорматор бр. 3 на ЗП „Кисела Вода“**

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

*Заради ефикасно извршување на политиката на развојот на пензиското и инвалидското осигурување и правата на пензиските осигуреници;*

*Со цел создавање соодветни предуслови за соработка помеѓу здруженијата на пензионерите и единиците на локалната самоуправа;*

*Заради создавање услови за примена на форми и механизми на подобрување на квалитетот на живот и подобрување на условите за функционирање на здруженијата на пензионерите во Република Македонија;*

*Заради обезбедување вклученост на здруженијата на пензионерите како граѓански организации, особено во делот на идентификацијата на проблемите и заедднички пристап во нивното решавање;*

*Со заложба за понатамошен развој и подигнување на степенот на соработка во иднина;*

*долупотпишаните страни взаемно ја утврдија и усогласија содржината на следниот:*

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**
во Скопје, на 1 мај, 2008 г.
склучен помеѓу:

**Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Р.М. - ЗЕЛС,**
преставувана од Претседателот, ***г. Андреј Петров***,
и
**Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија**
претставуван од Претседателот, г. Душан Шурбанковски
со следната содржина:

**Член 1**

Предмет на овој меморандум претставува воспоставување на соработка помеѓу Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Р.М. - ЗЕЛС со цел утврдување на взаемни иницијативи за реализација на заложбите опишани во преамбулата на овој меморандум.

**Член 2**

Со овој Меморандум, во рамките на заложбите истакнати во преамбулата на овој Документ, двете страни се обврзуваат да го реализираат следното:

**1. Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија:**

- ќе ги координира активностите на своите членки во насока на усогласување на потребите и иницијативите опфатени со овој Меморандум;
- ќе го следи спроведувањето на оваа активност и ќе предлага методи и механизми за ефикасна реализација на утврдените форми на соработка;
- ќе предлага конкретни планови на активности и проекти како механизам на реализација на соработката во рамките на целите и задачите утврдени со Статутот на оваа организација а во соработка со своите членки;

**2. ЗЕЛС се обврзува:**

- да доставува препораки до своите членки - општините за заклучоците утврдени во рамките на формите на соработка;
- да иницира формирање на заедничко работно тело составено од претставници на ЗЕЛС и Сојузот на пензионерите врз паритетна основа заради следење на реализацијата на планираните активноссти;
- ЗЕЛС ќе достави препорака до своите членки – општините да склучат поединечни Спогодби за соработка со здружението на пензионери на соодветната општина – членка на Сојузот во рамките на која ќе вршат планирање на взаемните активности, како и изготвување на програма за изградба на старечки домови, клубови за престој на пензионерите и обезбедување на работни простории и канцеларии за потребите на ограноците на здружението.
- ЗЕЛС ќе се залага општините да остварат тесна соработка со Сојузот на пензионерите и взаемно да ги координираат активностите во насока на обезбедување на евиденција на пензиските осигуреници кои имаат потреба од помош во набавката на лекарства, медицинска помош, како и обезбедување на нивна директна помош во зависност од средствата со кои располага соодветната општината;
- да иницира - да доставува препораки до општините за решавање на прашањата за тековно функционирање (пр. обезбедување на работни простории, клубови за дневен престој на пензионерите итн.) на поединечните Здруженија на пензионери членки на Сојузот – страна потписничка на овој Меморандум.
- во рамките на институционалното јакнење на органите и телата на општините, да доставува препораки за обезбедување на висок степен на вклученост на здруженијата во работните тела и органи на општините во рамките на дискусиите за решавање на отворените прашања во интерес на пензиските осигуреници и останати прашања од интерес за граѓаните на општината;
- ќе се залага за поддршка на формите на информирање на граѓаните – осигуреници како лица членови на здруженијата на пензионерите во редовното информирање за активностите преку взаемно утврдување на формата на дистрибуција на весници и други изданија.
- ќе се залага за обезбедување на предуслови за културно изразување на членовите на здруженијата преку вклученост во разни културни манифестации во зависност од интересот (хор, литература, спортски игри итн.).
- ќе ги стави на располагање своите стручни капацитети во насока на подобрување на регулаторната рамка со која се уредуваат правата на пензиските осигуреници преку работните тела и органи на ЗЕЛС;

**Член 3**

Содржината на овој Меморандум може да се менува само со писмена согласност на другите страни-потписнички. Истиот може да биде прекинат од било кој потписник со претходна најава од 30 дена.

**Член 4**

Овој Меморандум за разбирање стапува на сила од денот на потпишувањето - 9 мај 2008 година.

# Стари, а полетни



Околу 12 000 пензионери организирани во Здружение на пензионери во Прилеп, зрелото доба го минуваат со богат културно - забавен живот, спорт, одмор и рекреација, здравство и социјала. Женскиот дел имаат и своја секција со посебни активности. Во рамките на Здружението, културно уметничкото друштво „Пензионер“ негува старо-градска песна, а КУД „Пенка Котеска“ пее македонски народни песни. На 19 јуни, прилепските пензионери беа домаќини на манифестацијата „Пензионерите пеат“ со гостувањето на колегите од југоисточниот дел од земјата. Прилеп го посетија масовно над илјада пензионери. За гостите и домаќините КУД „Мирче Ацев“ од Прилеп и КУД од Крушево изведоа концерт. Прилепските пензионери учествуваа и во Кичево на 28 јуни на регионалната средба „Музика, песна, оро“.

Уште летово, ќе се подготвуваат за септември, кога ѓи чека манифестацијата со учество на Здруженијата од југозападниот регион, чија членка е и прилепското здружение. Локалното пензионерско здружение организира и посети на разни знаменитости низ екскурзии, како што беа досегашните пет. Оваа традиција, продолжува со несмален интензитет и во продолжението на годинава, посетувајќи ги градовите и другите места низ Македонија. Иако во години прилепските пензионери делат спортски „мегдан“. Дури се освојуваат и призанија. На пример, во Ресен, прилепското здружение беше севкупен победник и доби пехар. Лани тие ги закитија просториите со 16 медали. Нашите 50 повозрасни граѓани во септември ќе се натпреваруваат во девет спортски дисциплини во Радовиш.

И жените пензионерки се активни. Од околу шест илјади, дел секој петок организираат предавања од здравството, социјалната положба и слично. Двапати месечно се држат со пензионерки од земјава, организираат хуманитарни активности за лица со посебни потреби. Во октомври, домаќини ќе им бидат на жените од другите здруженија на кои ќе им ги покажат знаменитостите на Прилеп. Комисијата за здравство и социјала се грижи за распоредување на еднократната парична помош на болни лица, ги посетува дома болните и предлага колку пари да им се доделат на болните членови. Ако пензионерите примаат до пет илјади денари пензија трошоците за бањско лекување Здружението ги покрива сто осто. Над тоа, се одредува со колкав процент ќе учествува Здружението. Во „мртвата“ сезона, Здружението организирано посетува театарски претстави, а трошоците ги поднесува Здружението. Членовите плаќаат членарина по 20 денари месечно, од кои 18,4 денари задржува здружението, а 1,60 денари се за финансирање на Сојузот. Здружението троши 5,5 милиони денари годишно за разни активности. Но, благодарение на имотот со кој располага Здружението непречено ги подмирува сите трошоци. „Не работиме кабинетски. Ги слушаме критиките, мислењата на ограноците, кои се 25 во градов и околината. Наши цели и задачи се преземање и развивање на активности за остварување на правата на пензионерите според законот, унапредување и јакнење на Здружението и развивање на демократски процеси и слично. Конкретно, баравме заштита на стандардот на пензионерите, редовна исплата на пензиите, здравствена заштита на пензионерите и обезбедување лекарства“ - вели **Пандо Бачаноски**, претседател на прилепското Здружение на пензионери. Здружението постои од 1957 година. Лани прослави 60 години од постоењето. Тоа е невладина, непартиска организација, во која има членови од Прилеп, Долнени и Кривогаштани и тоа носители на старосна и семејна пензија. Инвалидите се издвоени во посебно здружение.

**Избор од локален весник - Зенит**

## Шеста седница на Собранието на Здружението на пензионерите "Кисела Вода"-Скопје

# Успешна работа и во првото полугодие од годинава



Собранието на Здружението на пензионерите „Кисела Вода“ на 1 јули ја одржа шестата седница на која беше разгледан извештајот за планираните и потрошените средства во првото полугодие од годинава, во услови кога надоместокот за погребнина се извршува преку подрачните единици на Фондот за ПИОМ.

Според **Доне Тодоровски**, претседател на Собранието темата е актуелна, иако со законот здружението не е обврзано да подготвува полугодишен финансиски извештај за приходите и расходите.

Во уводните напомени на претседателот на Извршниот одбор **Димитрија Богатиноски** и во дискусијата во која учесвуваа: Душко Атанасовски, Добрица Робева, Иван Цветановски, Богоја Јовановски, Владо Симовски, Ванчо Шекерински, Слободан Илиевски, Благоја Атансовски и Драги Аргировски, беше констатирано дека и во овој период се работело во согласност со законските и статутарни прописи, домаќински и со позитивни финансиски резултати, но дека за уште поефикасно работење е потребна нова организациона поставеност на ограноците и формирање нови, особено на подрачјето на новата општина Аеродром. Беше поздравено што во овој период беше отворен Клуб на пензионери во Зелениково и реконструиран во населбата Вардар, што треба да продолжи и во иднина, за да може базичното функционирање да добие уште поголема динамика и нови осмислени форми во делувањето.

На оваа седница членовите на Собранието расправаа и по информацијата за одржаните спортски натпревари на ниво на Здружението и регионот, за што образложение даде **Перо Стојановски**, претседател на Комисијата за спорт и рекреација. Учесниците во дискусијата Ѓоко Цветковски, Иван Цветановски и Душко Атанасовски ја истакнаа потребата од набавка на нови реквизити за спортистите во ограноците со што подготовките за овие натпревари ќе можат да бидат поуспешни, а со тоа ќе можат да се остваруваат и подобри резултати.

**Д. Арг.**

## Здружение на пензионерите Берово

# Свртеност кон базата



Здружението на пензионерите Берово во текот на мај одржа проширена седница на која што присуствуваа претставници на сите Огранoци на пензионерите од населените места од општината. На седницата беа и претставници на Здруженијата на пензионери од општините Делчево, Македонска Каменица и Виница. Беа разгледани извештаите на Надзорниот и Извршниот одбор како и завршната сметка на Здружението за изминатата 2007 година.

Во своето обраќање пред присутните, претседателот на Извршниот одбор, **Јован Дупкарски** истакна дека е „приоритетно перманентно следење и подобривање на финансиската состојба на сметка за редовно работење - фактор кој што е и основна алка за активностите на Здружението“. Минатата година беровското здружение на пензионерите оствариле позитивно салдо во работењето од околу 931 илјади денари. Во рамките на активностите се направени и напори за обезбедување на простории за работа на ограноците во селските населби, но проблемот останува до изнаоѓање на соодветен простор за работата на клубовите.

Беровските пензионери лани беа активни на спортски план и постигнаа значајни резултати. На регионалните спортски игри што се одржаа во Пехчево се освоени две први места во дисциплините трчање на 60 метри - жени и во влечење јаже - жени. На републичките натпревари во влечење јаже беше освоено високото второ место.

Хорот и оркестарот при беровските пензионери во 2007 година настапувал на сите локални и регионални манифестации и смотри.

Значаен подем бележи соработката во рамките на регионот и пошироко. Воспоставена е нова соработка со Здруженијата на пензионерите од Кавадарци и од Богданци. Погодностите кои што ги имаат за бањско - климатско лекување ги искористиле 45 беровски пензионери.

Беше изнесен и проблемот со солидарниот фонд, што го презеде Фондот на ПИОМ со донесување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Нашето здружение поднесе иницијатива со Уставниот суд за поништување на спорните членови од законот. Од друга страна останува отворено прашањето за нерешениот статус на брачните другари - членови на солидарниот фонд - вели Дупкарски.

Во дискусиите беше искажано задоволството од работењето на здружението во 2007 година и искажаа поддршка за продолжување на започнатите активности меѓу кои и адаптација и изградба на помошни простории во зградата на Домот на пензионерите.

**Драги Ролевски**

## Трета седница на Собранието на Здружението на пензионерите во Чаир-Скопје

# Потреба од нови активности



Собранието на Здружението на пензионерите во Чаир на 23 мај ја одржа својата трета седница во новиот состав, на која под раководство на претседателот **Ѓоко Христов**, се расправаше по извештајот за работата на Извршниот одбор во периодот мај 2007-мај 2008 година, а беше усвоена и оценката на Надзорниот одбор за финасиското работење и Извештајот на книговодствено-билансната и финансиско-материјалната состојба за 2007 година и Финансиски план за 2008 година.



Претседателот на Извршниот одбор **Петар Тагасоски** во уводните напомени изнесе дека во извештајниот период организацијата била соочена со проблеми, кои претставувале сериозна пречка во реализацијата на програмските активности, како што се опожарувањето на бараката во која беа сместени клубот на пензионерите и огранокот "Велко Влаховиќ", а поради покренатата иницијатива за формирање посебно здружение престана да работи и огранокот и клубот во Шуто Оризари. Значи, од вкупно 6, активност имаат 4 ограноци и само еден Клуб на пензионери „Живко Брајковски“, што е недоволно, бидејќи здружението има околу 9.000 членови. Биле организирани пет ексурзии што се прифатени од поголем дел пензионери, како и спортски натпревари, но според уводничарот, потребни се нови заложби за отворање клубови, за потикнување културно-забавни активности, за бањско-климатските лекувања и слично.

Во извештајот посебна нагласка се даде на проблемот со одржувањето на Домот на пензионерите, каде поради честите дефекти на застарената инсталација, се јавува потреба од реконструкција, а за што недостасуваат средства. Се уште не е решено и прашањето на сопственоста на овој Дом, бидејќи се води судски спор со Фондот на ПИОМ, иако како што беше истакнато, аргументите се на страна на здружението.

Во дискусијата во која учествуваа **Лазо Ристовски**, **Здравко Ременски**, **Ристе Менчев**, **Пандора Цанева**, **Стојан Николов** и **Живко Вучковски** беше потенцирана потребата за поголема соработка со локалната самоуправа за отворање нови клубови, а беа изнесени и проблеми со снабдување со лекови и здравствена заштита и со Солидарниот фонд по преземањето од Фондот на ПИОМ. Во дискусијата **Андон Марковски**, потпретседател на ИО наСЗПМ информираше за соработката со Фондот на ПИОМ за редовна и навремена исплата на пензиите и на членарината, како и за други актуелности.

**Д. Арг.**



### Свечено одбележан јубилејот

# Пет години од активот на жени пензионерки



По повод пет години од формирањето на Активот на жени пензионерки при Здружението на пензионерите од општините Охрид и Дебарца, на 31 мај во хотелот „Ривиера“ се одржа Средба на пензионерките од Републикава. На средбата учествуваа над 300 пензионерки од Штип, Прилеп, Крушево, Битола, Ѓорче Петров, Велес, Кичево, Струга и домаќинот Охрид. Здружението на пензионерки од Дебар, испрати поздравна телеграма со честитки за јубилејот.

Средбата ја отвори потпретседателката на Активот на жени пензионерки **Ружа Балеска**, а гостите ги поздрави и со личната карта на Охрид, ги запозна претседателот на ЗП Охрид и Дебарца - **Ѓорѓи Трпчески**. На учесниците на Средбата со неколку пригодни зборови им се обрати и претседателот на СЗП на Македонија - **Душко Шурбановски** и градоначалникот на Охрид - **Александар Петрески**, кои на пензионерките им посакаа добро здравје и уште многу вакви средби за другарување и релаксирање, и убав престој во Охрид.

Јубилејот, пет години од Активот на жени од Охрид, им го честитаа сите претседателки на Активи на жени од градовите учесници на средбата со пригодни зборови и скромни подароци.

Во културно забавната програма настапи Пејачката група „Распеани Охриѓанки“ и групата „Охрид“. Јубилејната средба по повод пет години од формирањето на Активот на жени пензионерки, беше добро организирана, забавна и со желба за уште многу вакви средби во убавиот Охрид.

К. Спасески

### Куманово: Пензионерски културни активности

# Успеси на „Мајски ракувања“ и на фестивалот Долнени



Културно-уметничкото друштво „Ѓоко Симоновски“ при Здружението на пензионерите во Куманово постојано ги развива своите дејности, постигнувајќи успеси за почит. Тоа се потврди и на манифестацијата „Мајски ракувања“, одржана на 28 мај во Центарот за култура, на која бурните аплаузи и смеењето од срце на публиката беа дел од сценската претстава на која владееше ентузијазмот со љубов, убавото да биде посветло и поблагородно. Беше убаво и чудесно чедно, непосредно и животворно кога се доживуваа и чувствуваа акордите на музиката, леснотијата на играта и моќта на зборот. При тоа хорот, пејачката група, дуетите, солистите и фолклорниот ансамбал уште еднаш го потврдија квалитетот, а драмската секција за прв пат го изведе хумористичниот сценски приказ „Кабаре“ на кумановски говор под наслов „У кафанче карши Станче“. Убавината на кумановскиот говор, динамиката на драмското дејствие и хуморот ја анимираа многубројната публика со аплауз, да ги награди актерите. Посебно треба да се истакнат актерските квалитети на Миланка Миловановиќ-Зафировска во улога на Роска, на Новко Петрушевски како Ване и Радосвет Илиевски- гостин.

Програмата на пензионерската манифестација „Мајски ракувања“ беше подготвена под раководство на музичкиот раководител Александар Георгиевски, режисерот Стое Додевски и кореографот Марјан Бошковски. Успехот на ова драмско првенче ветува дека кумановските пензионери во наредниот период можат да подготват и поголем драмски проект-битова драма.

На покана на невладината организација „Етно вешта жена“ КУД „Ѓоко Симоновски“ при крај на мај учествуваше и на манифестацијата што се одржа кај познатиот манастир „Света Троица“ во Скачковце- Кумановско, на која соорганизатор и домакин беше ктиторот на манастирот прота Пајко Стојановски.

Соодветен успех беше постигнат и на настапот кај храмот „Свети Никола“ во село Длабочица кај Крива Паланка.

Во почетокот на јуни пејачката група и оркестарот учествуваа и на фолклорниот фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ во Прилеп и Долнени, на кој во конкуренција од 300 учесници од Македонија, Србија, Словенија и Бугарија, дипломи за успешен настап добија КУД „Ѓоко Симоновски“ и Ѓоре Радевски.

Виолета Деур

### Средба на пензионерки во Струга

# Во духот на патриотизмот





Во организација на Активот на жени-пензионерки на Здружението на пензионерите во Струга на 22 јуни во хотелот „Дрим“ се одржа традиционалната средба на пензионерки која мина во духот на патриотизмот и другарување на околу 250 пензионерки од Охрид, Битола, Гевгелија, Прилеп, Ѓорче Петров, Дебар, Тетово, Кичево, Крушево и Струга.

Поздравувајќи ги, претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** укажа на ангажирањето на пензионерската организација за подобрување на квалитетот на живеењето во третата доба и на значењето на дружењето и рекреацијата, а со пригодни зборови се обрати и **Ѓурица Ристоски**, претседател на Здружението на пензионерите од градот домаќин.

Посебно импресивно излагање имаше долгогодишната претседателка на Активот **Олга Милеска**, потенцирајќи го основното мото на дружењето во знакот „Македонија опстојувала со векови, опстојува и ќе постои вечно“. Тажни сме и замислени за негирањето на нашето име и националност, додаде Милеска, но нашите претци ни оставија аманет да сме горди македонци во нашата сакана Македонија и секаде кај не има, за што беше поздравена со бурен аплауз.

И на самата забава беа презентирани македонски револуционерни напеви и поетски творби, со желба да се чуе она што сме и вечно ќе бидеме. При тоа во придружба на музичкиот ансамбал најгласно одекнуваше песната „Едно име имаме“.

Активот на жени пензионерки од Струга е еден од најактивните во нашата земја. Еднаш неделно се одржуваат редовни состаноци за меѓусебно информирање и другарување, за едукација, спортување и рекреација. Се третираат прашања за екологијата, комуналиите, за подготовките на туристичката сезона, за соработка со невладини организации во хуманитарни акции и слично. Вообичајната активност почнува во почетокот на годината, со одбележување на старата Нова година и Денот на жената -8 март, а во првото полугодие од годинава беа организирани и екскурзии со посета на историски места и манастири. Основните трошоци на овие активности се на терет на самите учеснички, помогнати од здружените средства од членарината и од донација на општината.

Д. Аргировски

# „Томина недела“ во Виница



Во организација на Активот на жени-пензионерки при Здружението на пензионерите во Виница, на 10 мај се одржа традиционалната манифестација „Томина недела“ на која присуствуваа над 250 претставнички на понежниот пол од Богданци, Пехчево, Ѓорче Петров-Скопје, Штип, Кратово, Берово, Виница, Свети Николе, Велес и Пробиштип.

Средбата мина во мошне срдечна атмосфера, со песни и ора. За значењето на оваа средба говореа **Младен Петров**, претседател на Здружението на пензионерите од Виница и истакната активиска **Милица Костадинова**, порачувајќи пензионерите во нашата земја да бидат единствени, бидејќи само сложни ќе можат да се изборат за своите уставни и други права. Во името на СЗПМ присутните ги поздрави секретарот **Чедо Георгиевски**, истакнувајќи ја многустраната корисност од пријателските дружења на пензионерките во сите краеви на нашата земја.

На организаторот свечено им беше врачена монографија на општина Ѓорче Петров, а активиската Лила Угриновска се престави со „жал за младоста“. Со аплауз беше поздравена и соло изведбата на Трајанка Делова од Велес, дуетот Елена Митева и Младен Петров и исполнението на кемане на Стоил Манасиев од Виница.

Д. А.

## ФОТО ВЕСТ



Здружението на старосни и семејни пензионери при локалната самоуправа Ѓорче Петров, заедно со управникот на Домот на пензионерите, на 19 јуни организираше бесплатен лекарски преглед на пензионерите. Покрај ЕКГ прегледи, се мереше крвен притисок, висина и тежина.

Како што изјави Вера Мишкова, претседателка на Собранието на ова здружение на пензионери, вакви здравствени акции се планираат и во иднина.


ABOPHARMA
Омега 3 - масни киселини со витамин Е
ABOPHARMA
LACHSÖL
OMEGA-3-FETTSÄUREN
mit Vitamin E
SALMON OIL CAPSULES
OMEGA 3 FATTY ACIDS
with Vitamin E
Für eine cholesterin-bewusste Ernährung
For a cholesterol conscious diet
120 Kapseln
Capsules
ABOPHARMA
КАПСУЛИ СО МАСЛО ОД ЛОСОС
ОМЕГА 3 МАСНИ КИСЕЛИНИ И ВИТАМИН Е
• го намалува нивото на лошиот холестерол и триглицеридите
• ги штити срцето и крвните садови
• помага при ревматски заболувања и болки во зглобовите
Генерален застапник и дистрибутер : ЗЕГИН тел. 02/ 3133 225

ZEGIN

NLB Тутунска банка

ЗЕГИН - ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

ЗДРАВЈЕ СО НАЈЕВТИН ЛЕК



до 50 %



НАСКОРО
НОВО ОД ЗЕГИН
ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Зегин врз основа на договорот за ексклузивно партнерство со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) и во соработка со НЛБ Тутунска банка излегува со нова извонредно поволна понуда за своите верни и лојални купувачи од категоријата - пензионери.

Зегин и НЛБ Тутунска банка склучија договор за издавање на кобрендирана картичка.
Со картичката на пензионерите ќе им се овозможи одложено плаќање до 12 месеци без камата и грејс период до 45 дена, а ќе им бидат достапни и низа други поволности кои за нив ќе ги обезбедат Зегин и НЛБ Тутунска банка. Со картичката ќе може да се купуваат лекови и препарати од ОТЦ програмата, медицински препарати, средства за хигиена и други производи од аптеките на Зегин, опфатени со „Шемата за лојалност”. ВУВо рамките на понудата спаѓаат и повластените здраствени услуги за сите корисници на Системот на бенВефицирани цени.

Идентификацијата на корисниците - пензионери, кои ќе ги користат бенефициите на Системот на бенефицирани цени ќе биде преку единствената кобрендирана Вплатежна картичка на Зегин и НЛБ Тутунска банка. Кобрендираната картичка на Зегин и НЛБ Тутунска банка претставува кредитна картичка наменета за сите клиенти на Зегин и НЛБ Тутунска банка.

ЗЕГИН - ХРАМ НА ВАШЕТО ЗДРАВЈЕ

ЗЕГИН - ЧЛЕН НА МУЛТИНАЦИОНАЛНИОТ ФАРМАЦЕВТСКИ КОНГЛОМЕРАТ МАЈЛСТОН - ИСЛАНД

## СЗПМ ги следи новите трендови

# Нова WEB страна



СЗПМ

Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

www.szpm.org.mk

За нас | Статутарни норми | Организација на СЗПМ | Здруженија | Програма на СЗПМ

За нас

СЗПМ го одбележува 20 септември како Ден на пензионерите на Македонија во знак на донесувањето на првиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување во далечната 1946 година, кога беа пензионирани првите работници , со што се формира организацијата на македонските пензионери како колективен член на единствените синдикати во Македонија.

Во 1947 година биле евидентирани околу 5оо пензионери, во 1960 година тој број е зголемен на 15.321, десет години подоцна 51.537, во 1980-84.948, во 1990-166.224 и во 2000 година 241.221 пензионер. Веќе во 2005 година бројот на пензионерите во нашата земја се зголеми на 272.740, а во 2008 тој изнесува околу 280.000, од кои 225.000 се членови на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

СЗПМ е асоцијација на 48 здруженија на пензионери, доброволно здружени во Сојузот заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија во Република Македонија, за поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, за унапредување на културните, спортските и хуманитарните потреби на пензионерите. За остварување на овие заеднички права на здруженијата-членки на Сојузот, СЗПМ соработува со други здруженија и нивни сојузи, со невладини организации и фондации и со пензионерски асоцијации од други земји.

СЗПМ, својство на правно лице има од 27 април 1971 година кога е запишан во Регистарот на МВР како општествена организација, а по донесувањето на Законот за здруженија на граѓани и фондации во 1998 година е пререгистрирано во Основниот суд во Скопје.

СЗПМ делува како самостојна, невладина и неполитичка организација, која

Контакт

Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија
ул. 12 Ударна бригада бр.2
Работнички дом
1000 Скопје
Македонија

тел. 3223 710
факс 3128 390
п.фах 440

e-mail: kontakt@szpm.org.mk

најнов број на весникот ПЕНЗИОНЕР ПЛУС кликнете ТУКА

ФПИОМ ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

ФЗО Фонд за здравствено

ACDSee... | Adobe InDesign CS2 ... | Adobe Photoshop CS... | Сојуз на здруженија... | Microsoft Word | Total Co

Деновиве Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ја промовира новата интернет страница **www.szpm.org.mk** на која граѓаните и пензионерите ќе можат подетално да се информираат за организацијата и за активностите, како и за покренатите иницијативи до државните органи за заштита на уставните и законските права во интерес на пензионерската популација. Секако, не само што ќе се збогати информирањето на многубројното членство, туку ќе се подобри и комуникацијата меѓу здруженијата на пензионерите во Македонија и пошироко.

На оваа веб - страница ќе може да се чита и весникот „Пензионер плус".

## Крушево

# Успешна екскурзија со дружење





Како и секоја, така и оваа година, пензионерите **од Здружението на пензионерите - Крушево,** изведоа еднодневна екскурзија на која учествуваа 201 пензионер или 19% од вкупниот број.

На предлогот на Комисијата за спорт и рекреација, Извршниот одбор на Собранието, одлучи на еднодневната екскурзија да се посетат манастирите: **Св. Гаврил Лесновски и Св. Јоаким Осоговски**, а пензионерите од муслиманска вероисповед од месниот огранок с. Житоше да ги посетат културно - историските споменици во **Битола, Струга и Дебар.**

Екскурзијата се изведе во најдобар ред, а пензионерите имаа можност да се видат и дружат, да се распрашуваат за здравјето, за зголемувањето на пензиите, лекарствата и слично.

Пензионерите и пензионерките пееја стари македонски и влашки изворни песни, потсетувајќи се на младоста.

Завремена посетите на манастирите пензионерите беа воодушевени од пречекот и излагањата на монасите, особено за значењето на историските и културните вредности на истите, за прекрасните и уникатни иконостаси, фреските и слично.

Беше гордост да се чувствуваш Македонец кога ќе разбереш и на лице место ќе се увериш дека сите тие прекрасни дела се изработени од рацете на нашите предци со чии културно - уметнички и историски дела ние денес се гордееме.

Иако релацијата беше доста долга и напорна, пензионерите беа задоволни со сето она што го видоа, а на враќање се разделија со надеж и верба дека и идната година вака заедно ќе посетат и други културно - истириски споменици.

**Глигор Ангелески**

## Од репортерскиот агол

# Со гордост за новиот пензионерски клуб







Рамиз Ќазимоски

Во ова топло лето да се престојува во Лабуништа, во областа на Дримкол под шумовитата Јабланица е пријатно, уште повеќе ако посетата е поводна за свечено предавање во употреба на новиот пензионерески клуб.

Освежувањето се почувствува уште при самото пристигнување во центарот на Лабуништа, предпладнето на втори јули. Од новиот центар распослан со гранитни коцки на 5 илјади квадратни метри, изграден со донација на еден пензионер, отсјајот на сончевите зраци се повеќе се ширеше кон станбените и деловните објекти, џамијата и дуќаните, при што до полн израз доаѓаше новата бела фасада на Пензионерскиот клуб.

Во овој модерен објект се одржа свечена седница на Извршниот и Надзорниот одбор на Здружението на пензионери во Лабуништа со гости од СЗПМ, Фондот на ПИОМ и од соседните здруженија Струга и Дебар.

Поздравувајќи ги присутните, претседателот на Здружението на пензионерите во Лабуништа **Дилавер Шаќироски** истакна дека овој објект преставува посебен успех и главна основа за натамошниот развој на пензионерскиот живот во ова подрачје. Од вкупно над 5.000 жители, околу 700 се семејни, старосни и инвалидски пензионери.

За историјатот на градбата на клубот со посебен пиетет и гордост зборуваше познатиот активист и мошне заслужен за изградбата **Рамиз Ќазимоски:**

- Изградбата на овој клуб во 2003 година беше нотирана во Акциониот план за четиригодишната работа на СЗПМ и стана стварност благодарејќи на максималното ангажирање и ентузијазмот, бидејќи објектот е изграден единствено со средства на пензионерите и донатори, без ниту еден денар од државата. Посебна благодарност треба да се даде на СЗПМ, како и на здруженијата на пензионерите „Кисела Вода" и „Гази Баба" од Скопје, на Куманово, Прилеп, Крушево, Струга, Дебар и други кои донираа 4.500 евра, на помошта од градежните претпријатија, на Шумското стопанство, на Македонскиот центар за меѓународна соработка за подарениот мебел и други. Вкупната инвестиција изнесува околу 25.000 евра.

Во име на СЗПМ собирот го поздрави претседателот **Душко Шурбановски**, со честитки за постигнатото и со здравје да се користи долго години и дека пензионерите ако се договорат можат да создаваат нови дела. Овој модерен клуб ќе овозможи поголемо дружење на пензионерите, нивно информирање и ширење на активностите. Во знак на сеќавање претседателот Шурбановски им подари зиден часовник, како и книгата „Пензионерска сага".

**Ѓурица Ристоски и Бесник Поцеста** претседатели на Здружението на пензионерите од Струга и Дебар го поздравија големиот успех со изградбата на овој клуб и дека тоа треба да биде пример за сите пензионерски организации. Кон ова се придружи и **Андон Марковски**, потпретседател на СЗПМ, потсетувајќи дека Рамиз Ќазимоски, починатиот Назиф Имероски и други активисти од Лабуништа работеа со љубов, знаејќи дека објектот ќе биде наменет за многу генерации пензионери. Претставничките од Фондот на ПИОМ **Донка Цветановска** и **Вангелица Марковска** ја поздравија инвентивноста и истрајноста на пензионерите, градејќи нов модерен клуб во кој ќе можат полесно да ги минуваат годините од третото доба. **Спасе Малиноски**, пензионер од Подгорци истакна дека изградбата на овој објект преставува посебен успех и изрази желба Клубот што повеќе да се користи за дружење и договарање за нови активности.

Новиот пензионерски клуб во Лабуништа покрај сала за состаноци и дружења има работни простории за здружението, со компјутер и телефакс за современа комуникација, како и деловен простор.

Со тоа се создадени сите услови за функционирањето на клубот и се очекува покрај организирање екскурзии и бањски лекувања, пензионерите од Лабуништа, Подгорци и Боровец да се ангажираат и за културни, спортски и други активности.

**Драги Аргировски**

Иницијатива на ССМ

# Дали ќе продолжат разговорите за пензискиот систем

Поради апсурдноста на новите прописи постојано е актуелна Иницијативата на ССМ за нови основи за пензионирање. На сите им стана јасно дека Македонија од сите европски земји има најлош пензиски систем. Дали оваа година ќе се разговара за некакви измени?

Од сите европски земји Република Македонија има веројатно најлош пензиски систем. Како научна фантастика делува Турција, каде има само два услови за пензионирање, 25 години стаж или 50 години старост. Или во развиените западни земји, каде во пензија се оди практично по лична желба – кој сака може да замине со 55 години, со нешто пониски примања.

Не е чудно што во Економско – социјалниот совет повторно се разговараше за пензискиот систем. Поточно, за Иницијативата на Сојузот на синдикатите на Македонија за измени во системот. Заклучено е да се направат дополнителни анализи и после да се разговара со Владата. Дали може да се очекува дека во втората половина на 2008 година ќе се разговара на оваа тема?

Уште е рано да се прогнозира, но едно е сигурно – сега сите субјекти постепено сфаќаат дека постојниот пензиски систем во Македонија не е добар. Законот за пензиско и инвалидско осигурување беше изменет и од први септември минатата година стапи на сила. Според новиот пропис постои само еден услов за пензионирање, 64 години возраст за мажите и 62 за жените.

Веднаш се покажаа негативните страни и, не е претерано да се каже, апсурдноста на новиот пропис. Најпрво избија илјадници лични драми на постари работници, кои одеднаш ја изгубија можноста за одење во пензија. Бидејќи мнозинството се со нарушено здравје работодавачите проблемот го решаваат едноставно, со отпуштање. Дежурен одговор на капиталот било каде во светот: јас водам бизнис, а социјалата ја води државата.

Македонските работодавачите и без тоа се наклонети кон младата сила и затоа постарите немаат никаква шанса да најдат нова работа. Неофицијално е утврдена една горна старосна граница од 35 години, без разумна размисла и здрава пазарна логика. Додека во западните земји капиталот бара токму постари работници, поради нивното искуство и рутина, македонските се лишуваат од најпродуктивниот дел на популацијата.

Ова е само една од последиците на новите правила за пензионирање. Што предлага Сојузот на синдикатите? Три дополнителни модели за пензионирање, со кои би се решиле многу егзистенцијални проблеми на најзагрозениот дел од населението.

Првиот модел е **старосна пензија**, за која треба да се исполни еден од два услова – староста останува иста (64 и 62 години), со најмалку 15 години стаж.

**Предвремена старосна пензија** значи да може да се оди во пензија на 59 години (за мажите) и 57 (за жените), со најмалку 15 години стаж и со уплата во Фондот за ПИОМ за наредните пет години.

**Нецелосна старосна пензија** значи заминување на 59 и 57 години, со најмалку 15 години стаж и намалување на пензиската основица за 1,5 отсто, но најмногу за пет години. Тоа значи дека оваа група пензионери би добивале за 7,5 отсто пониска пензија, но само додека го исполнат условот старост. Потоа би добивале полна пензија, без намалувањето од 7,5 отсто.

Со овие модели би се постигнало повисоко ниво на социјална правда и практично би се решиле многу негативни последици направени во транзициониот период. Најпрво стечајните работници би го добиле она што го бараат, затоа што ќе треба да почекаат колку да го достигнат старосниот услов за да почнат да добиваат пензија. Повеќето се стари над 55 години и сега немаат никаква надеж за следните десет години.

Понатаму, мирна старост ќе можат да очекуваат десетици илјади лица на кои не им е уплатуван придонесот за пензиско осигурување, со или без нивно знаење. Никој всушност не знае колкав е бројот на луѓе кои работаат и примаат плата без да им тече стаж. Според проценките на ССМ околу 120.000 лица работаат на црно, додека Министерството за труд и социјална политика оперира со бројка од 60.000 лица. Но колку и да се, нив би им биле потребни само 15 години регулиран стаж за да добијат право на пензија.

Сето ова е обработено во Иницијативата на ССМ од минатата година. Иницијативата беше одбиена, но после само неколку месеци се покажа дека всушност станува се поактуелна.

Раководителот на Секторот за економски и социјални прашања на ССМ **Лилјана Јанкуловска** вели дека нема причини Владата да се плаши од наезда на пензионери. Бројките го кажуваат следното: во 2005 година имаше 4.987 нови пензионери, во 2006 година 4.025, значи помалку. Мислење на ССМ е дека ако работниот стаж се прифати како услов за пензионирање истиот тренд на пензионирање ќе продолжи и понатаму. Работниците во Македонија го одложуваат своето пензионирање се додека не го исполнат условот возраст.

Со други зборови ќе продолжи природниот тек на пензионирање без негативни последици врз пензискиот фонд. Од луѓето кои ќе го исполнат условот стаж 60 отсто се во стопанството, кои сега примаат плати нешто над 100 евра. Тие би добиле пензии по околу 4.000 денари, што нема да биде никаков товар за фондот.

**Благојче Крстевски**

Пробиштип

# Со континуирано работење и ентузијазам до солидни резултати



Бројот на членството во Здружението никогаш не било мерило за постигнување на резултати. Пресудни се желбата и постојаното работење. Тоа го покажаа токму членовите на КУД „Весели пензионери" во изминатите 6 месеци од годинава и учеството на фестивалот во Долнени - Прилепско. Во овие неполни шест месеци друштвото имаше неколку концертни и еден фестивалски настап што беа оценети доста успешно.

Би ги спомenале само заедничките настапи со учениците од МБУ „Илија Николовски - Луј" од Скопје, кои пред пробиштипската публика се претставија со мошне солиден настап, потоа со членовите на КУД „Злетовски рудар" за денот на културата, учество на повеќе општински манифестации, како и настапот на фестивалот „Пеце Атанасовски" во Долнени - Прилепско. Од овој фестивал се вратија со две престижни награди и тоа за комплетен настап и успешна изведба на изворни песни и инструменти и награда за најуспешен истражувач, негувач и презентер на изворни песни, ора и традиционални обичаи. Оваа награда и припадна на раководителот на друштвото Милевка Здравковска. Во текот на јуни беше настапот на фолкорната ревија во Радовиш, а во јули и учеството на фестивалот „Илинденски денови".

Да потсетиме дека и годинава не изостана посетата од нашите пријатели од Холандија и Белгија, кои како што рекоа се фрапирани од убавините на нашиот фолкор и богатиот колорит и оригиналност на носиите.

Во ова мало, по број на членови, здружение во ништо не заостанува и спортските резултати. Радува фактот што сè почесто се пројавува интерес од жените - пензионерки, што не беше случај до пред седум - осум години. Во изминатиот период од годинава, спортистите имаа повеќе натпревари на општинско ниво, и една пријателска средба на меѓуопштински здружења, каде покажаа мошне солидни резултати. Општинските и меѓуопштинските натпревари, пред сè имаат цел за дружење, а потоа и за подготовка на регионалните и републичките натпревари.

На регионалните спортски натпревари во Кратово пензионерите и пензионерките од Пробиштип освоија први места во тегнење јаже.

Деновиве во организација на Здруженијата на пензионерите од Пробиштип, Радовиш и Струмица на брегот на Дојранското Езеро се одржа успешен пикник на зелено на кој задоа учество околу илјада пензионери од повеќе градови на Источна Македонија.

**М. Здравковска**

# Средба на раководствата на здруженијата на пензионери од западниот регион



Оваа година се навршуваат 23 години од традиционалните Културни средби на пензионерите од западниот регион на Здруженијата од: Охрид и Дебарца, Дебар, Струга, Кичево, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Лабуништа и М. Брод.

На состанокот во Крушево беа анализирани досегашните одржани културни средби и беше договорено тие да се збогатат со нови содржини и активности. Беше одлучено годинешните културни средби да се одржат во Ресен, а се очекува да присуствуваат околу 500 - 600 пензионери.

Беа разгледани и други прашања од интерес на пензионерите како што се: солидарниот фонд, натамошното зголемување на пензиите, здравствената заштита, проблемот со обезбедување на лекарства од позитивната листа, ослободување од партиципација на граѓаните со над 65 годишна возраст и друго.

Исто така, на средбата беше договорено културните средби во идната година да се одржат во Крушево, кога пензионерите ќе имаат можност да го видат манастирот Св. Преображение на чија изградба Тоше му посвети дел од својата младост, потоа Спомен домот на Тоше, како и други културно-историски споменици со кои овој град музеј изобилува.

По завршувањето на средбата, претставниците на Здруженијата организирано го посетија гробот на мега ѕвездата Тоше Проевски каде се поклонија и положија свежо цвеќе.

**К. Стојановски**

Штип

# Прво учество и награди на фестивалот во Долнени



На годинашниот фестивал „Пеце Атанасовски" во прилепско Долнени годинава иако за прв пат учествуваше Здружението на пензионерите од Штип постигна видни резултати. На овој познат и ценет фестивал штипјаните настапија со гајда Иван Веселинов и тапан Саид Бајрамов, потоа оркестарот на народни инструменти и „Трио Веселинови". Добриот прием кај публиката и жирито беше очигледен. Беа добиени две дипломи за учество и две признанија за успешен настап, а гајдаџијата Иван Веселинов доби и плакета со резба на дрво на гајдата на Пеце Атанасовски.

Секако овој успех ќе придонесе за уште поборато учество на овој фестивал идната година.

**Ц. Спасикова**

Патуваме - летуваме

# Совети од медицинските стручњаци

Летото е тука, горештините секојдневно истоштуваат...

Време е за одмор.

Познато е дека годишниот одмор е потребен на секој човек и на секоја возраст.

Медицинските стручњаци велат дека одморот влијае за подобрување на физичкото и психичкото здравје. Кога одите на одмор се запознавате со нови луѓе, со нови предели, имате нови искуства. Сето тоа влијае на Вашата целокупна здравствена состојба. Лето е и многумина веќе ги имаат спакувано своите патни торби. Што треба да знаете пред да тргнете?

По претходен здравствен преглед кај Вашиот лекар (ова се однесува на повозрасната категорија), треба да внимавате како го носите и внесувате багажот, да не го повредите 'рбетниот столб. При возење во возило да си подметнете перниче кај долниот дел на 'рбетот.

На сонце пак, повозрасните може да е изложуваат во раните утрински и доцните попладневни часови. Пливањето е дозволено според физичката состојба на секој поединец.

Постарите лица треба да бидат под сенка, бидејќи и таму постои рефлектирана сончева светлина и е особено потребна за луѓето што имаат остеопороза. Оние што имаат проблеми со 'рбетот препорачливо е да пливаат на грб. Оние со проблеми во коските на нозете би требало да пливаат со пераи. Исто така, познато е дека одењето во подлабока вода (до колениците), како и пешачењето на самиот песочен брег ги зајакнува мускулите на нозете.

За луѓето што имаат над 65 години изборот за летниот одмор треба да биде кон бањските лекувалишта, езерата или планинските одморалишта. Секојдневното пешачење, умерената и лесна исхрана, попладневниот одмор ќе бидат само дополнување на здравјето. Но најважно од се секако е психичкиот мир, релаксирањето и собирањето енергија за постудените денови.

Доколку мора да останете дома, излегувајте само во раните утрински часови, хранете се со лесна храна која не содржи маснотии, шеќер и алкохол. Пијте течности, но не премногу студени и не во преголеми количини - ова особено се однесува за оние кои имааат хронично покачен крвен притисок.

Доколку Ви се препишани терапии со лекови, придржувајте се кон упатствата од Вашиот доктор.

**Костадинка Кајмакоска**

## Шеста регионална ревија на песни, музика и игра во Радовиш

# Несомнен придонес во негувањето на фолклорните традиции

Во организација на СЗПМ во рамките на годинашниве шести по ред Регионални ревии на песни, музика и игра во Радовиш на 27 јуни се одржа успешна пензионерска манифестација на која со пригодни фолклорни изведби се претставија здруженијата на пензионерите од Пробиштип, Кратово, Лозово, Злетово, Штип и градот домакин Радовиш.

По дефилето на учесниците низ градот, средбата во Центарот на културата ја отвори претседателот на Здружението на пензионерите од општините Радовиш и Конче **Јован Ефтимов**, срдечно поздравувајќи ги учесниците на ревијата и гостите, меѓу кои претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски и градоначалникот на Радовиш д-р Роберт Велков, истакнувајќи дека за оро и песна не се важни годините и дека за музика може да се има слух и дарба и во пензионерските денови.

Со пригодна чест средбата ја поздрави Градоначалникот **д-р Роберт Велков** потсетувајќи дека дружењето со песната ја релаксира душата, поради што пензиоинерската асоцијација ќе треба да настојува ваквите културни манифестации да продолжат со уште поголема масовност.

Ревијата за отворена ја прогласи **Чедо Георгиевски**, секретар на СЗПМ, напоменувајќи дека годинава покрај во Радовиш, регионални ревии на песна, музика и игра ќе се организираат и во Кичево, Гевгелија, Кочани и Скопје и дека на тој начин ќе се даде придонес во негувањето на фолклорните традиции и во збогатувањето на културниот живот на пензионерите.

Во ревијалниот дел, поздравени од многубројната публика, најпрвин се претстави познатото Културноуметничкото друштво „Весели пензионери" на Здружението на пензионерите од Пробиштип со колажна програма од песни, ора и обичаи од Пробиштипскиот крај. Беше изведено масовно мешано оро со песна „Голема свадба", машко оро „Арнаут" и женско „Шипката", а група гајдари со карактеристичен мелос, беа срдечно поздравени.

Учесниците од Здружението на пензионерите од Кратово се претстависа со сплет изворни песни од Кратовскиот крај во изведба на женско трио, гајда, гусла и тапан.

Песнопоецот Тозо Милчев со оркестарот од Здружението на пензионерите од Лозово исполни две песни: „Коња јавам" и „Зајко кукурајко".

Со изворни песни и носии успешно се претставија три женски трија од Здружението на пензионерите од Злетово, а особено со песните: „Соневата мајка на сонцето збори", „Излегла Јана по поле" и „Жалби жали Македонија" во придружба на кавалџија.

Достоинствено со песна, игра и народни носии се претставија и домаќините, Здружението на пензионерите од Радовиш и Конче, особено Вокално инструменталниот ансамбал „Распеани радовишани" со песната „Лето 1762", триото „Иневки" и играорна група од село Ињево, квартретот „Шипковки", сплет на ора „Осмица" и големата група гајдаџии.

Убавиот впечаток го заокружи настапот на Здружението на пензионерите од Штип, со штипската весела гајда, познатото трио Веселинови со „Ајде вино пијам" во придружба на оркестарот со народни инструменти и мешовитиот хор „Пензионерски цветови" со песната „Те видов и се заљубив" и други.

На претставниците на здруженија за успешно учество на ревијата благодарници им врачи **Андон Марковски**, потпретседател на СЗПМ, а потоа во ресторантот „Шампион" продолжи заедничкото дружење.

Годинава, на 6 септември, Здружението на пензионерите од Радовиш за прв пат ќе биде домаќин и на 13-те Републички пензионерски спортски натпревари.

**Драги Аргировски**
Снимил: Александар Тодиров, дигитално фото **„Снежана"**- Радовиш


Јован Ефтимов


д-р Роберт Велков


Чедо Георгиевски























Стојан Станковски


Душко Шурбановски












### Шеста ревија на песни, музика и игра во Кичево

# Во знакот на изворна и староградска песна

Во шестгодишната традиција на фолклорните ревии за прв пат домакин беше Здружението на пензионерите во Кичево. Добрата организација беше карактеристика и на оваа ревија на песни, музика и игра, што на 28 јуни се одржа во Домот на културата во Кичево на која се претставија Културно-уметничките друштва „Пензионер“ и „Пенка Котеска“ на Здружението на пензионерите од Прилеп, како и пејачки групи и солисти на здруженијата на пензионерите од Охрид, Кичево, Крушево и Демир Хисар.

Учесниците на оваа културна манифестација најпрвин беа срдечно поздравени на дефилето од граѓаните на градот под Копачијата, а во свечениот дел на ревијата со пригоден поздрав се обрати **Стојан Станковски**, претседател на Здружението на пензионерите од Кичево, напоменувајќи дека и покрај тешките материјални услови здружението со ентузијазам на членството учествува во повеќе активности во овој регион, како и во спортскиот и културниот живот.

Шестата ревија на песни, музика и игра на здруженијата од Југозападниот регион на нашата земја за отворена ја прогласи **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ, пожелувајќи учесниците и гостите вечно да се сеќаваат на оваа средба и во иднина сите здруженија од овој регион да учествуваат на ревијата. Со ваквите средби на пензионерите се овозможува тежините на годините полесно да ги носат. Сојузот презема и други активности за подобрување на квалитетот на животот во третото доба за што е потребно здруженијата да остварат поуспешна соработка со локалната самоуправа.

На ревијата пејачката група на Здружението на пензионерите од Кичево исполни неколку песни, а со аплауз беше поздравен дуетот Филиза Сарафилоска и Војка Стојкоска кои исполнија една изворна песна. Во пригодна народна носија Анте Трајаноски ја исполни песната „Кога си болна легнала Дано“, а Стојан Софрониоски на гајда сплет на ора од овој крај.

Со традиционален репрезентативен квалитет се претстави Културно-уметничкото друштво „Пензионер“ од Здружението на пензионерите од Прилеп со „Грмеле топови“ и други староградски песни, а дуетот Љубица Барлакоска и Никола Илиоски ја исполнија „Кинисало мало моме“.

Здружението на пензионерите од Крушево на оваа ревија се претстави со дуетот Роксанда Хасани и Никола Штабе со оркестар, со исполнение на две влашки и една македонска песна.

Пејачката група „Распеани Охриѓанки“ на Здружението на пензионерите од Охрид исполни неколку песни меѓу кои „Јас сум мома Охриѓанка“ и „Каде си тргнала Като“, а успешен настап и овој пат имаше интерпретаторот Кирил Мицкоски со „Зајди, зајди“ и други песни. Со аплауз беше поздравена и Велика Настоска за изведба на изворна народна песна во придружба на гајда на Цветко Блажевски.

Срдечно беше поздравена и Спаса Јанкулоска од Здружението на пензионерите од Демир Хисар за поетската творба „Македонија“.

На крајот импресивен настап имаше женскиот октет на Културно-уметничкото друштво „Пенка Котеска“ од Здружението на пензионерите од Прилеп со „Извор вода извираше“ и други изворни песни, како и дуетот Цветанка Темоска и Соте Стеваноски со песната „Ајде дојди Софке“. Успешен настап на гајда имаше младиот Александар Стојановски.

За учество на ревијата, на Здруженија благодарници им врачи **Душан Перески**, претседател на Комисијата за културно-забавен живот на СЗПМ, а заедничкото дружење продолжи во ресторанот „Унион“.

**Д. Аргировски**
Фото „Зоран“-Кичево






Врачување на признанија


Спаса Талевска Јанкулоска

## МАКЕДОНИЈА

*На сите
ќе ви кажам
дека повеќе
не се мажам*

*Клајте ми синџири јаки
околу фустанов бел
натргана сум големи маки
нека знае, нака знае светов цел*

*Секакви свирки ми свират
и тапани разни чукаат
за невеста сакаат
лоши сватови да ме грабаат
тука*

*Непознат зет
На коњ да го качат
а мене, а мене
уште да ме мачат*

*Тој мене
на сила за да ме земе
не сакам да одам
во никакво туѓо племе*

*Не сакам никој
повеќе да ме граби
ќе стегнам нозе и раце
ќе склештам силно заби*

*Не мрдам одовде
ни една педа
зошто ве родив сите
мои мили чеда*

*Слушајте ме сега
силно како јачам
за вас деца мили
јас наглас плачам.*

*Враќајте ги сватовите
во дворовите свои
да си бидам чиста
на фустанов мој бел.*

*Не сакам ни една капка
црвена боја да видам
ни на старост невеста
со друго име да бидам*

*Мене нункото
само едно име ми кладе,
МАКЕДОНИЈА
со десет букви крштеничето
ми го даде*

*Не умира
никогаш тој
имево
вечно ќе стои!*

*Ви кажувам
на сите вас
барајте сега
за нас спас!*

Емисијата за пензионерите - голем предизвик и одговорност

# Разговор со Цветанка Илиева, уредник на емисијата „Трето доба“ на Македонската телевизија



Информирањето кај сите популации е битен елемент. Од оваа причина постои и Комисија за информирање при СЗПМ, чија главна цел е информирање на пензионерите, но и на сите други, кои во крајна линија се идни пензионери. Информирањето има поголема димензија кај луѓето од третото доба, чии контакти и движења од разни причини се лимитирани и ориентирани кон информирање преку медиуми: весници, списанија, телевизии, радија, информатори и друго. Факт е дека скоро сите медиуми во Република Македонија ги информираат пензионерите и луѓето од трето доба за се она што сметаат дека ги интересира, но тоа е главно инцидентно или поточно речено повремено и површно со одредени случувања. За жал, истражувањата покажале дека ваков третман на луѓето од оваа популација е на светско ниво, што се рзбира се прават напори тоа да се измени, секаде, па и кај нас.

Од сите медиуми во Република Македонија се издвојува емисијата „Трето доба“ на Македонската телевизија. Заради тој факт, разговараме со уредникот на емисијата Цветанка Илиева.

....................

**Емисијата „Тето доба“ е доста гледана од сите, а се разбира највеќе од оние за кои е наменета. Кажете ни нешто за неа, како и што преставува таа лично за Вас?**

- Да се пишува и зборува за животот и активностите на луѓето од третото доба не може, а да не претставува голем предизвик. Како предизвик го чувствувам секој нов прилог, секој нов разговор со соговорниците од оваа популација, оти тие и го заслужуваат тоа.

Предизвик е да се прави емисија за 270 000 пензионери, од вкупно 370 000 стари луѓе, а секако не треба да се заборават и другите категории на пензионери, бидејќи се третираат теми и од нивен интерес. Ако на ова се надодадат и оние генерации што се наближуваат на оваа доба и категорија, мора да се признае дека одговорноста да се прави ваква емисија е многу голема. Дека емисијата е гледана показател се бројните јавувања со желба за соработка, со предлози за нови теми и содржини. Сето ова покажува дека емисијата завзема посебно место во животот на пензионерите и другите постари луѓе.

....................

**Какви теми обработувате, дали постојат постојани рубрики? Кажете ни нешто поконкретно за содржините.**

- Порано кога емисијата траеше 60 минути беше полесно. Сега трае само 30 минути, мора содржините внимателно да се селектираат и концизно да се презентираат. Повремено ја подготвувам рубриката „Години без време“ во која остваруваме средби со реномирани стручњаци од сите сфери на животот на постарите луѓе, на пензионерите. Се покажа дека гледачите ги интересира како живеат, како го поминуваат своето време, со кои активности се во третото доба. Постои и рубриката „Наши теми“, која одеше и порано. Во оваа рубрика гостуваат главно луѓе од раководните структури на здруженијата како и од СПЗМ, со цел да го информираат членството за сите случувања. Исто така постои и рубриката „Хоби“ која ги преставува најуспешните и најинтересните.

Низ целата емисија се кажува и докажува дека третото доба е доба на релаксираност, на жетва на плодовите од предходните години, доба кога може да му се посвети на сè она што порано не можело.

....................

**Колку општествените теми и напорите за подобар стандард на пензионерите се застапени во емисијата, односно колку е третирана хуманитарната димензија?**

- Со сите прилози се трудиме да дадеме свој придонес во спроведување на позитивните општествени ставови во однос на старосга и стареењето, јакнењето на семејството, поддршката на материјалната и социјалната сигурност на пензионерите, хуманоста на општеството кон нив и друго. Се трудиме да им помогнеме на осамените, ги поттикнуваме на активен живот, на дружење, спорт и рекреација. Ги информираме за нивните општествени и социјални права, во смисла на заштита, преку разговори со компетентни гости во емисијата. Во ова се вклучени владини и невладини организации кои даваат свој значителен придонес. Учеството на претставници на министерствата за: здравство, за труд и социјална политика, Фондот за инвалидско и пензионо осигурување, „Универзитетот трето доба“ и други, исто така, даваат свој значителен придонес. Целта е поквалитетен и посодржаен живот на оваа популација во земјата и пошироко, бидејќи емисијата се гледа и надвор од Македонија.

....................

**Кои Ви се редовни соработници?**

- Здруженијата на пензионери од Скопје и од сите градови во земјата како и СЗПМ. Тие со одбрани содржини и активности се претставуваат со информации за случувањата во нивните средини. Тоа се информации за културните, спортските и други активности. Се претставуваат и со културно забавни настапи, сочувувајќи ги од заборав нашиот фолклор и традиција.

Овде сакам посебно да ја истакнам и досегашната соработка со „Пензионерски видици“ која е квалитетна и на ниво, на зедничко задоволство.

....................

**Што понатаму? Кои се Вашите идни планови?**

-Ќе продолжиме и понатаму да ја информираме и афирмираме популацијата од третото доба. Ќе кажуваме и докажуваме дека тука се наоѓа голем стручен и квалитетен потенцијал акумулиран со години со богато животно искуство. Овој потенцијал може да биде искористен во разни облици во сите сфери од животот. Луѓето од третото доба треба активно да се вклучат во општеството, бидејќи имаат капацитет и не заслужуваат да бидат на маргините на случувањата.

-Разговорот го завршивме посакувајќи си заемен успех во понатамошната работа, бидејќи целта е заедничка: квалитетно информирање и квалитетен и содржаен живот на пензионерите и на сите луѓе од третото доба.

**Калина Сливовска-Андонова**

Вите Исјановски

# Европската конфедерација на пензионерите краен домет во нашата меѓународна соработка

Во досегашниот приказ на видовите и дострелите на меѓународната соработка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, патем беше допрена и Европската конфедерација на пензионерите чие седиште е сместено во центарот на Европската унија, во Брисел. Формирањето на Европската конфедерација дојде како нормална последица од самото постоење на Европската унија. Оваа голема и економски стабилна Унија во Европа, стана амбиција, речиси, на сите европски земји - условно речено, да го истакнуваат своето барање за влез во овој заеднички европски дом. Во овој европски гигант, секој сака да стане рамноправен член. Сосема нормално за влез во овој европски колос, стриктно се бараат некои елементарни критериуми, што аспирантите ги обврзува целосно да си остварат.

Европската конфедерација на пензионерите е еден од социјалните партнери во Европската унија. Заедно со Европската конфедерација на синдикатите, тие чинат еден мошне значаен лост во напорите за унапредување на животниот стандард и работата на пензионерските организации, кои како популација не се безначајни. Како што секоја европска земја сака да влезе во заедничкиот европски дом, така и бројните организации на пензионерите настојуваат да влезат во полноправно членство во Конфедерацијата на пензионерите на Европа.

Кои предимства им стојат на располагање на организациите на пензионерите на земјите што се стремат за влез во Унијата?

-Конфедерацијата на пензионерите, првенствено е во тесна соработка при остварувањето на заедничките акции со европските синдикати. Тоа е и сосема природно и разбирливо, зашто оваа работничка организација е застапена како социјален партнер во бројни структури во Унијата.

- Конфедерацијата на пензионерите е вистински толкувач на положбата, животот и стандардот на европските пензионери. Таа рамноправно партиципира во овие европски тела, кои најнепосредно ги креираат прашањата од најголем интерес за пензионерската популација.

- Во рамките на Конфедерацијата на пензионерите во Европската унија, секојдневно се слеваат бројни тековни информации од земјите членки на Унијата. Тие информации се проучуваат, анализираат и според нивната проценка, се дистрибуираат меѓу членките на Конфедерацијата. Се смета, дека ваквиот метод на работа е мошне корисен и тој како таков се развива сè повеќе во нагорна линија.

- Заради ваквите аспирации на Конфедерацијата, Сојузот на здружениета на пензионерите на Македонија, континуирано ги збогатува сите расположливи форми на контакти, особено со оние големи национални пензионерски централи, како што е примерот со Италија, Франција и Шведска, а се надеваме таквата поконкретна и пофункционална соработка да биде остварена и со грчката федерација на пензионерите, која е значаен член на Европската конфедерација на пензионерите - FERPA.

- Колку е видна комуникацијата меѓу центарот на федерацијата во Брисел и нејзинете членки можат да покажат и следниве маркантни примери. Така, претседателот на Европската Конфедерација на пензионерите, Georges Debunne лично присуствуваше на редовниот конгрес на пензионерите на Италија. Исто така, претседателот на Европската конфедерација на пензионерите, со голем респект и вообичаена почит ги поздрави францускиte пензионери на нивниот конгрес. Генералниот секретар на Европската Конфедерација на пензионерите, лично, со својот авторитет ја предводеше регионалната средба на пензионерите од земјите на медитеранот, се разбира, во извонредно добра кооперација со италијанската и француската федерација на пензионерите што беше одржана во Република Алжир.

*(Изводок од книгата „Македонските пензионери денес“, од делот во кој се разгледуваат можностите и потребите за меѓународна соработка на пензионерските организации).*

## IN MEMORIAM

# ВИТЕ ИСЈАНОВСКИ (1925-2008)

На 8-ми мај 2008 година почина Вите Исјановски, долгогодишен претседател на Сојузот на пензионери на Македонија (1986 до 2002), а до крајот на својот живот беше избран за почесен претседател на Собраниоето на СЗПМ. Во аналите на нашиот Сојуз, веројатно ќе остане забележан како единствен претседател со толку долг стаж, од речиси четири мандати. Можеби тоа се должело на историските околности и практиката на едно минато време но, макар и површен увид во неговиот живот и дело даваат доволно објаснивање на овој факт.

Вите Исјановси е воден во 1925 година во село Битуше во општина Ростуше. Како печалбарско дете тој заминал во Белград и таму завршил средно образование. Во тие младешки години се вклучува и во Народно - ослободителната војска каде набргу станува офицер. По ослободувањето Вите се враќа во Македонија и се определува за професионален „синдикалец“.

Најпрво ја завршил тогашната специјална школа во Скопје, за потоа да го добие и првото работно место како претседател на Синдикатот на рударите од Рудници за олово и цинк „Злетово“ во Пробоштип.

По неколку години работа во базата, бил назначен за член на Централната управа на рударите на Југославија, во Белград. Таму завршил и висока синдикална школа. По истекот на мандатот во Централата тој се враќа како член на Обласниот одбор на синдикатите во Куманово. По неколку години бил испратен во Дебар да раководи со Околискиот синдикален совет. Конечно се враќа пак во Скопје, сега во својство на член на Секретаријатот на Републичкиот совет на синдикатите на Македонија, за да ја заврши својата синдикална кариера како претседател на Советот на синдикатите на град Скопје.

По успешното минување на преку сите можни скалила на синдикалната организација, Вите (по своја или по туѓа желба) се префрлил во државната администрација и тоа директно во нејзиниот врв. Беше избран за Републички секретар за труд, каде што мина два мандата. Потоа следува еден нов предизвик за Вите кој, според своето сопствено мислење, бил најтежок, но и највозбудлив. Имено, бил назначен за член на Југословенската дипломатска мисија, при Европската унија во Брисел. Таму останал се до своето пензионирање. Во тој период успеа и да магистрира на Економскиот факултет во Скопје.

Ете човек со толку богато општествено и професионална искуство, со истрошени години, но сочувана енергија и волја за корисна активност, се најде на чело на пензионерската организација на Македонија. И остана невообичаено долго. Очигледно имало за што. Нека му е вечна слава!



## 13-ти по ред Регионални пензионерски спортски натпревари и игри во 2008 година

# Над 1300 натпреверувачи



Годинашниве 13-ти Регионални пензионерски спортски натпревари и игри во сите осум региони во Републиката се одржаа во периодот од 31 Мај до 18 Јуни 2008 година и тоа:

1. На 31.05.2008 година натпревари се одржаа со први регион, на кој домакин беше Здружението на пензионери од општина Чаир и втори регион, на кој домакин и организатор беше Здружението на пензионери од Тетово:
2. На 07.06.2008 година натпревари се одржаа во трети регион, на кој организатор и домакин беше Здружението на пензионери во Ресен, четврти регион, на кој домаќин и организатор беше Здружението на пензионери од Македонски Брод и петти регион, на кој организатор и домакин беше здружението на пензионери од Дојран.
3. На 11.06.2008 година натпревари се одржаа во седми регион, на кој организатор и домаќин беше Здружението на пензионери од Свети Николе и осми регион, на кој организатор и домакин беше Здружението од Берово.
4. Последниот Регионален натпревар се одржа на 18.06.2008 година во Шестиот регион, на кој организатор и домаќин беше Здружението на пензионери од Кратово

На Регионалните натпревари непосредно учество земаа спортисти во двете категории (жени и мажи) од 44 здруженија на пензионери освен Здружението од с. Лабуништа – струшко, кое и во претходните години не настапувало со свои натпреварувачи ниту на Регионалните ниту на Републичките натпревари.

Од податоците содржани во извештаите и табеларните прегледи кои беа доставени од Здруженијата домаќини потпомогнати од членовите на Републичката комисија за спорт кои учествуваа секој во својот регион, се гледа дека на овогодишните 13-ти Регионални натпревари и игри непосредно учество земаа 1305 натпреварувачи – спортисти од кои 809 (лани 790) во машка конкуренција и 496 (лани 501) во женска конкуренција во сите девет дисциплини пропишани со Правилникот. Од бројките се гледа дека имало благо покачување на бројот на натпреварувачи во машка конкуренција и незнатно намалување од пет во женска конкуренција.

Ако се има во предвид дека максималниот број на натпреварувачи во двете категории може да биде 1978 натпреварувачи од кои 1032 во машка конкуренција и 946 во женска конкуренција, може да се констатира дека простор за поактивно делување по здруженијата за зголемување на бројот на натпреварувачите има доста.



Особено сакам да ги посочам здруженијата од регионите Трети, Четврти и Шести регион (прилепски, охридски и кумановски) каде што освен здруженијата од Прилеп, Охрид и Куманово кои учествуваат во женска и машка конкуренција, скоро во сите дисциплини, останатите здруженија во овие региони учествуваат со многу мал број на натпреварувачи и во многу мал број на спортски дисциплини, така што на натпреварите во тие региони без конкуренција се пласираат на Републичкуите натпревари голем број на натпреварувачи.

Покрај спортистите на натпреварите присуствуваа и при тоа меѓусебе се дружеја околу 1800 пензионери и пензионерки членови на здруженијата на пензионерите.

Ако се земат во предвид квалификациските натпревари по здруженијата и ограноците во рамките на здруженијата, се доаѓа до податок дека во подготовките за учество на овие натпревари и игри во еден подолг временски период се раздвижени или активни на спортски план голем број на пензионери, која активност многу придонесува за нивното психичко и физичко одржување. Покрај другото, исто така е многу важно нивното меѓусебно запознавање и дружење, издвојување за момент од проблемите во секојдневието.

Инаку, за разлика од претходните години, Регионалните натпревари ова година може да се каже дека беа организирани покоординирано во поглед на термините за нивно одржување и како резултат на тоа поголемиот број на натпревари беа следени од претставници на СЗПМ, но ни од далеку неможе да се каже дека се следат сите натпревари. Цениме дека во наредниот период е потребно уште поголемо координирање во планирањето помеѓу здруженијата организатори на натпреварите и Извршниот одбор на Сојузот односно Комисијата за спорт.

Посебно за истакнување е дополнувањето на Правилникот со новиот член 16-а кој гласи: Организаторите на Регионалните и на Републичките спортски натпревари и игри да извршат задолжително осигурување на натпреварувачите во атлетските дисциплини и тоа: тегнење јаже, трчање на 60 и 80 метри, скок од место, фрлање ѓуле и тробој за мажи и двобој за жени.




Од вкупниот број 44 здруженија на пензионери кои зедоа учество на Регионалните натпревари и игри пласман на Републичките натпревари обезбедија екипи и поединци од 35 здруженија. Инаку, на Републичките натпревари што ќе се одржат на 6 септември во Радовиш ќе се натпреваруваат 364 натпреварувачи од кои 192 во машка конкуренција и 172 во женска конкуренција.

**Здравко Петковски,**
претседател на Комисијата
за спорт на СЗПМ




















## Спортска вест

Општинскиот сојуз на спортовите во Куманово, како секоја година и оваа, свечено ги прогласи најдобрите спортисти за 2007 година. Признанието за најдобар пензионер спортист му беше врачено на **Бранко Почуча**, освојувач на златен медал во фрлање ѓуле на 12. Републички пензионерски спортски натпревари. Пензионерот Почуча на овие натпревари досега има освоено неколку златни медали, а на успех се надева и на престојните републички спортски игри во Радовиш.

**Љ. К.**



Во организација на Комисијата за спорт и рекреација при Здружението на пензионерите во Радовиш се организираше возење со велисопед до излетничкото место манастир Свети Ѓорѓија, село Ораовица во должина од околу 16 километри во двата правца. Учествуваа над 50 пензионери.

Како што истакна еден од организаторите на оваа несекојдневна рекреација, претседателот на Комисијата за спорт и рекреација на радовишкото здружение и член на Извршнит одбор на СЗПМ **Илија Трајанов**, средбата минала во мошне убаво дружење на пензионерите, на што укажува и фотографијата на Фото „Трајче“ од Ињево. Тоа се спомени на незаборавот.

Поттикната од овој успех Комисијата планира да организира и пензионерски натпревар во пливање на Дојранското Езеро, како и еднодневен излет на Плачковица.

**Д. А.**

## Промоција




Во салата на КИЦ во Скопје на 26 јуни се одржа промоција на книгата „Македонија: корени и аргументи“ од **Јордан Јорданов**, претседател на Здружение на воените пензионери на Македонија.

За значењето на оваа трето дело на Јорданов говореа проф. д-р Ристо Дамјановски и проф. д-р Лазар Лазаров со еднодушна оценка дека со овој труд авторот дава специфичен придонес во аргументацијата за правото на нашата држава да го носи своето историско и природно име Република Македонија. Всушност, во оваа добро опремена книга во издание на „Бигос“, печатена во Ри-графика, е направен вреден избор на покарактеристични сознанија, размисли и забелешки за македонското прашање.

На оваа тема, со извадоци од книгата, настапи и ненадминатиот интерпретатор, артистот Славко Нинов.

**Д. Арг.**

### Кочани - Пикник на зелено

# Собир на пензионери од источниот регион



Здружението на пензионерите на Општина Кочани, на основа на својата програма за работни активности во 2008 година, на 5 јули го организира Собирот на пензионерите и пензионерките од здруженијата од Источниот регион (Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица и Виница). Собирот се одржа во с. Пантелеј, кај манастирскиот комплекс Св. Пантелејмон и Св. Мала Богородица.

Ова село со споменатите манастири, се наоѓа на Осоговските планини на надморска височина над 800 метри.

На собирот како гости присуствуваа и пензионерите и пензионерките од ЗП - Ѓорче Петров. Од сите здруженија на собирот учествуваа над 850 пензионери и пензионерки. Тие пристигнаа во с. Пантелеј со 17 автобуси и одреден број комбиња и автомобили.

Во прекрасен природен амбиент, убав сончев ден на падините на Осоговието, добрата музика, веселата атмосфера, оро и песни, се одржа собирот со големо задоволство на сите присутни.

На подготвителниот состанок се донесе заклучок вакви средби во идните години да се одржуваат:

- во 2009 год. ЗП - Пехчево во месноста Рамна река
- во 2010 год. ЗП - М. Каменица во месноста Цера
- во 2011 год. ЗП - Берово во месноста брана Ратево
- во 2012 год. ЗП - Делчево на планината Голак

Ваквите собири како што беше овогодишниот во с. Пантелеј - Кочанско, претставуваат големо задоволство, освежување и разубавување на животот на пензионерите, луѓето од третата доба.

**Ѓорѓи Серафимов**,
претседател на ЗП Кочани

# Поетски чествувања



Поетите при Здружението на пензионерите од Штип во изминатиот период од годинава со свои лични творби настапуваа на повеќе настани од нашето револуционерно минато пред бистите и спомен плочите подигнати во чест на хероите во соработка со здружението на борци и граѓани почитувачи на тоа дело.

Се читаа лични творби и тоа пред бистите на хероите: Вера Цивири - Трена и Вита Поп - Јорданова - Цена, пред бистата и на борецот Ацо Шопов.

По повод 6-ти април, ден на бомбардирањето на град Штип од страна на фашистичките орди во 1941 госина, се читаше пред спомен плочата на загинатите граѓани жртви на фашизмот, а за денот на победата 9-ти мај се читаа лични творби во спомен на паднатите борци кај Вршин дол: Ванчо Прке, Тошо Арсов, Никола Нехтенин и Митко Цецов кои загинаа како предводница на Вториот Плачковички одред. Инспирирана ја подготвив песната:

**МЛАДОСТ ПЛАЧКОВИЧКА**

*Од валкан живот в мугри*
*на таен пат излегоа*
*борци млади партизани*
*со мисла света*
*со стремеж за слобода*
*крај Отиња што процвета.*

*Младото сонце*
*по лицата на борците шета*
*во предводница командант*
*Ванчо Прке - Сермен*
*и Тошо Арсов комесар вичен*
*по која патека*
*низ планински пазуви тргнаа*
*Нехтенин и Цецов*
*оружје живо не од заплато петелче.*

*Кај Вршин дол*
*мрак патеката ја стегна*
*овчарска колиба закрила им даде*
*кодош клет ги предаде.*

*Во нерамна борба влегоа*
*во крв се изми утрото бело*
*тага се надви над градот под Исарот.*

*И денес на ова место*
*младешко збивање на дамарите бие*
*во буковината лебди мисла света*
*за хероите млада љубичица цвета.*

*Се уште шумата говори*
*за одредот втор Плачковички*
*за младоста падната*
*за слободна Македонија.*

**Цвета Спасикова**,
пензионерка од Штип

### Избор

# Копачка се игра и на 92 години



Со невидена лестонија, 92 годишниот Митко Станоевски од делчевското село Драмче ја изигра „Копачката“, бисерот на пијанечкиот фолкор. Ороводец на најбрзото, најдинамичното машко македонско оро, кое се нарекува и трудово оро, беше дедо Митко. Тој беше воедно и најстариот учесник ма Меѓународниот фестивал на народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“ на кој настапија повеќе учесници од земјава, гости од Србија, Словенија и од Бугарија. Песната, орото и мизиката уште еднаш покажаа дека ја откорнуваат душата, а на срцето не му даваат да старее особено кога музиката доаѓа од македонскиот етнос и самобит. Старецот заигра со својот син и го поведе орото на кое се фатија двојно помлади од него.

- Многу убаво ми доаѓа на душата кога играм. Јас сум прв играорец. За мене не е тешко да се игра. Мајсторлакот во играњето треба да дојде од срцето, да те трга за тоа оро. Јас свирев и на гајда, на кемане, но остарев, почна раката да ми се тресе откако и дадов бубрег на ќерката - вели дедо Митко.

Фестивалот, кој се одржа по 34 пат и е одраз на нашата традиција и идентитет, почна во саботата со дефиле низ улиците во Прилеп, а потоа продолжи и до Долнени.

**Шпиц**